ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј

на Владата на Република Македонија до Европската комисија за статусот на реализација на активностите од Патоказот за реализација на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво

Скопје, јули 2012 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 23. 07. 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3415/1 | | |

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 41-5187/1
12.07.2012 година
Скопје

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Владата на Република Македонија Ви го доставува Извештајот на Владата на Република Македонија до Европската комисија за статусот на реализација на активностите од Патоказот за реализација на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво, усвоен на седницата на Владата, одржана на 26.06.2012 година, со цел негово разгледување од страна на надлежните комисии во Собранието на Република Македонија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

Подготвил: Стефан Волкановски
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

# ИЗВЕШТАЈ

## на Владата на Република Македонија до Европската Комисија за статусот на реализација на активностите од ПАТОКАЗОТ за реализација на приоритетните цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво

## 1. ВОВЕД

Воспоставениот Пристапен дијалог на високо ниво, и новиот приод на Европската Комисијата за почеток на скринингот во поглавјата 23 Правосудство и човекови права и 24 Правда, слобода и безбедност кој за прв пат се примени со Црна Гора, воспоставување на технички дијалог во рамки на овие две поглавја, даде нова динамика во односите со Република Македонија. Владата на Република Македонија покажа сериозен пристап и целосна фокусираност како во однос на реализација на зацртаните приоритети кои треба да се реализираат до објавувањето на следниот извештај на ЕК за остварениот напредок (согласно најавените реформски цели), така и во однос на подготвеноста за подлабинска анализа на степенот на усогласеност на националното законодавство со законодавството на Европската унија за поглавјата 23 Правосудство и човекови права и 24 Правда, слобода и безбедност. Во оваа насока од страна на Владата беа утврдени механизмите преку кои се одвива процесот, беа предложени и воспоставени потребните структури за успешно одвивање на процесот како и потребните активности за реализација и динамиката на истите.

Првиот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво беше одржан на 15 март 2012 година предводен од Претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски и Комесарот задолжен за проширување, Штефан Фуле. Целта на истиот беше внесување динамика во реформскиот процес за пристапување кон Европската Унија преку зајакнување на довербата и зголемување на европската перспектива на земјата. Дијалогот беше фокусиран на конкретните активности преземени од страна на Република Македонија со поддршка на Европската комисија во договорените клучни предизвици во следните 5 области :

- Слобода на изразување и професионални стандарди;
- Владеење на правото;
- Реформа на јавната администрација;
- Реформа на изборите;
- Зајакнување на пазарната економија;

За прецизирање на истите од страна на Европската Комисија беше подготвена листа на т.н. реформски цели за сите области кои беа предмет на состанокот. Истата официјално беше предадена на состанокот на Пристапниот дијалог на високо ниво, одржан на 15.03.2012 година. Листата на реформски цели беше

разгледана и усвоена од страна на Владата на Република Македонија 30-та затворена седница на Владата оддржана на 13 март 2012 година.
Согласно заеднички усвоените Заклучоци на првиот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво беше договорено дека за исполнување на целите и активностите до средината на април 2012 Владата ќе усвои оперативен Патоказ кој ќе содржи мерки со рокови за исполнување, и кој ќе се следи во рамки на Пристапниот дијалог на високо ниво.
Оперативниот Патоказ беше подготвен и усвоен од страна на Владата на Република Македонија на 57-та седница на Владата одржана на 24 април 2012 година.

Реализацијата на активностите предвидени во Патоказот се очекува да биде финализирана до крајот на годината односно до објавувањето на следниот Извештај на ЕК за напредокот на Македонија за 2012 година. Оттука, заклучно со септември 2012 година потребно е да биде прикажан најзначаен напредок. Се очекува надлежните институции со голема сериозност да пристапат кон реализација на предвидените активности за исполнување на целите и индикатори за мерење на напредокот.

Патоказот беше презентиран и разгледан во Собранието – во релевантните комисии и во Националниот совет за евроинтеграција. Во одделни области од Патоказот се одвива дополнителен, инклузивен консултативен процес, и тоа преку Работната група за Медиуми, Управувачкиот комитет за изборната реформа, консултациите за Прет-пристапната економска програма.
На вториот состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво одржан на 7 мај 2012 година беше констатирано дека заклучоците договорени на првиот состанок во март се исполнети во сите шест точки. Беше нагласено дека во април беше усвоен Патоказот и дека е важно да се работи на неговата имплементација. Беше заклучено дека Пристапниот дијалог дава значајна поддршка за пристапниот процес на земјата фокусирајќи се на реформите во клучните приоритени области.
Беше заклучено дека Патоказот е динамичен процес и дека во јуни ќе се подготви преглед на резултатите од спроведувањето на активностите.

Согласно заклучоците од вториот состанок на ПДВН меѓу Република Македонија и Европската комисија одржан на 7 мај 2012 година, во периодот од 30-31 мај 2012 година се одржа техничка мисија од страна на Европската комисија. Целта на техничката мисија беше да се направи пресек, на основа на усвоениот Патоказ, на се што е до сега реализирано и статусот на имплементацијата на планираните мерки. Фокусот на оваа техничка мисија беше ставен на три области опфатени со Пристапниот дијалог на високо ниво, и тоа: слобода на изразување и медиуми; изборна реформа и спроведување на Охридскиот рамковен договор. Во рамки на техничкиот дијалог претставниците на Европската комисија остварија одделни состаноци со Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија д-р Теута Арифи, со Заменик на Претседателот на Владата и министер за финансии г. Зоран Ставрески, со Заменик на Претседателот на Владата г. Муса Џафери, со министерот за труд и социјална политика г. Спиро Ристовски, со Шефот на кабинет на Претседателот на Владата г. Мартин Протоѓер, со претставниците на Управувачкиот комитет на високо ниво, со претставниците на Работната група за

медиуми и со претставници на Уставниот и Врховниот суд на Република Македонија.

Следниот трет состанок на Пристапниот дијалог на високо ниво ќе се одржи во септември. Резултатите кои ќе бидат испорачани на тој состанок директно ќе се одразат врз извештајот за напредокот на земјата кој ЕК треба да го објави во октомври годинава.

## 1.1 Резиме

Подготовката на Извештајот за реализација на активностите од Патоказот произлегува како обврска согласно заклучоците од вториот состанок на ПДВН. Извештајот дава преглед на степенот на реазлизација на конкретните активности предвидени во Патоказот преземени од страна на Владата на Република Македонија во договорените клучни пет приоритетни области : Слобода на изразување и професионални стандарди; Владеење на правото; Реформа на јавната администрација; Реформа на изборите; и Зајакнување на пазарната економија.

Извештајот го опфаќа статусот на реализација на сите активностите од Патоказот поточно напредокот во сите пет области во периодот од месец април до крајот на јуни, 2012 година, осврнувајќи се и на статусот и на среднорочните активности чиј рок на реализација го надминува месец септември 2012 година.

Со цел следење на напредокот во реализацијата на активностите од петте приоритетни области, во периодот на 30 и 31 мај 2012 година од страна на Европската комисија беше спроведена техничка мисија. Целта на техничката мисија беше да се направи пресек, на основа на усвоениот Патоказ, на се што е до сега реализирано и статусот на имплементацијата на планираните мерки. Фокусот на оваа техничка мисија беше ставен на три области опфатени со Пристапниот дијалог на високо ниво, и тоа: слобода на изразување и медиуми; изборна реформа и спроведување на Охридскиот рамковен договор.

По однос на првиот приоритет – *Слобода на изразување и професионални стандарди* - постигнат е договор по однос на декриминализацијата на клеветата и навредата, како и за висината на нематеријална штета. Изготвен е Предлог-Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета и истиот е доставен на мислење до Советот на Европа. Континуирано се спроведуваат обуки за примена на член 10 од ЕПЧП за сите судии што водат случаи на клевета и извршен е изборот на вкупно 70 пресуди на ЕСЧП кои се однесуваат на членот 10, за превод на македонски јазик, а за дел од нив преводот е веќе реализиран.

По однос на вториот приоритет – *Владеење на правото и фундаментални права* - согласно досегашните податоци постигнат е напредок во однос на намалување на заостатокот на предмети, додека приливот на нови предмети е целосно совладан. Постигнат е напредок во однос на јакнење на капацитетите на основното јавно обвинителство преку избор на 3 јавни обвинители во ОЈО за организиран криминал и корупција. Подготвени се измени и дополнувања на Законот за судови

во делот на условите за избор на судии во повисоките судови со цел забрзување на примената на новите професионални услови од јануари 2013 година. Избрани се 2 јавни обвинители од III генерација кандидати и 1 јавен обвинител од IV генерација од Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Уреди законоската рамка за проверка на изјавите на судирот на интереси и се започна со проверката на истите согласно член 20-а од Законот за спречување на судир на интереси. Подготвени се измените на Законот за следење на комуникации во однос на укинување на улогата на министерот за внатрешни работи при одобрување на посебни истражни мерки и во тек е нивно натамошно усогласување со препораките добиени од страна на Европската комисија. Се работи на подготовка на Извештај за анализа и разгледување на состојбата со спроведување на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Со ребалансот на буџетот за 2012 година вкупниот износ за поддршка на имплементацијата на Декадата за Роми е зголемен за 640 000,00 МКД и изнесува 46.630 000,00 МКД. Континуирано се спроведуваат активности во рамките на приоритетните области од Декадата на Ромите

По однос на третиот приоритет – *Реформа на јавната администрација* – донесувањето на нов Закон за администрација ќе ја спои правната рамка за државни и јавни службеници, со што ќе се надминат одредени проблеми од сегашната фрагментација на оваа регулатива, а ќе се внесат и одредени новитети насочени кон подобрување на системот на администрација. Подготвен е нацрт текстот на Законот за администрација и е испратен на мислење до инволвираните институции. Подготвена е анализа на спроведувањето на постојните закони за јавни и државни службеници од страна на работната група која е предуслов за подготовка на Законот за администрација. Со цел изработка на методологија за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото за вработување врз основа на заслуги и реалните потреби на институциите, формирана работна група која ќе ја подготвува методологијата врз основа на спроведување на анализа на сегашната состојба на вработување на членови на заедниците. Планирано е донесување на нов Закон за општа управна постапка, согласно забелешките добиени од СИГМА во контекст на унапредување на оваа регулатива во насока на креирање граѓански ориентирана јавна администрација

По однос на четвртиот приоритет – *Реформа на изборите* – изготвени се работни верзии на измените на Изборниот законик и Законот за финансирање на политички партии, а се работи и на ревизијата на избирачкиот список. Процесот се води во широка консултативна форма преку вклучување на политичките партии, невладиниот сектор и меѓународната заедница во воспоставените работни групи за измена на изборното законодавство и ревизија на избирачкиот список, како и во Управувачкиот комитет формиран за адресирање на препораките од Конечниот извештај на ОБСЕ/ОДИХР за спроведените вондредни парламентарни избори во јуни 2011 година.

По однос на петтиот приоритет – *Зајакнување на пазарната економија* – преземени се активности во насока на подобрување на пазарот на труд и образованието, со фокус на младите, подобрување на бизнис средината и

зајакнување на **креирањето на економската политика и нејзино спроведување**. Во текот на извештајниот период се започна со имплементација на сите краткорочни активности, а имплементацијата на активностите кои се предвидени под втората цел (сеопфатен пристап кон исполнување на економските критериуми) се одвива континуирано, имајќи предвид дека петте критериуми за функционална пазарна економија се исполнети. Со цел да се добие една пореална слика на пазарот на труд и реалната невработеност, Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност е во владина процедура. Студијата за пазарот на труд во Република Македонија, која се спроведува во соработка со Светска банка е отпочната и се одвива во согласност со утврдената временска рамка за реализирање на предвидените активности.

Измените на Законот за задолжително капитално финансирано осигурување, со кои ќе се обезбеди институционална независност на МАПАС се усвоени од страна на Владата и се во собраниска процедура (второ читање).

По однос на административниот капацитет на транспортните регулаторни тела, објавен е оглас за вработување на шест стручни лица во Агенцијата за цивилно воздухопловство. Објавен е оглас за вработување на шест стручни лица во Агенцијата за цивилно воздухопловство.

## 1.2 Структура на извештајот

Извештајот дава осврт на статусот на реализација на реформските цели и активностите од Патоказот во извештајниот период, месец април - јуни 2012 година. Поточно, во извештајот е даден преглед на напредокот во реализацијата на петте приоритетни области:

- Слобода на изразување и професионални стандарди;
- Владеење на правото;
- Реформа на јавната администрација;
- Реформа на изборите;
- Зајакнување на пазарната економија;

Притоа, даден е пресек на статусот на реализација, општо за секоја реформска цел и поединечно по секоја активност, осврнувајќи се на степеност на искористеност на финансиските и човечки ресурси како и ефектот од имплементацијата на активностите. Во извештајот се опфатени резултатите од реализацијата на активностите во споредба со планираните резултати.

Извештајот дава детален и систематски приказ на напредокот осврнувајќи се на:

- статусот на реализиција на реформските цели и активностите *во извештајниот период (април-јуни 2012), и*
- активности кои останува да се реализираат *по извештајниот период*: (следни чекори рок на реализација , можност за скратување на рокови или можни одложувања на рокови по одредени активности).

### 1.3 Мониторинг на Патоказот

Со цел утврдување на механизмите преку кој ќе се одвива воспопставениот Дијалог на високо на ниво како и техничкиот дијалог во поглавјата 23 Правосудство и човекови права и 24 Правда, слобода и безбедност, Владата на Република Македонија на 51-та седница на Владата одржана на 20 март 2012 година ги утврди и усвои потребните структури за успешно одвивање на процесот, следење и мониторирање на активностите кои треба да се реализираат и динамиката на истите.

Согласно утврденото, процесот на следење на реализацијата на приоритетите (реформски цели) од Пристапниот дијалог на високо ниво и следењето на статусот на реализација на активностите кои произлегуваат од оперативниот Патоказ ќе се одвива преку следните два механизми:

1. Стратешкиот механизам (Пристапен дијалог на високо ниво)
2. Оперативен (технички) механизам

Стратешкиот механизам го опфаќа воспоставениот Пристапен дијалог на високо ниво во рамки на кој континуирано се следат главните приоритети утврдени на првиот состанок на ПДВН 1). Слобода на изразување и професионални стандарди, 2). Владеење на правото (реформа на правосудство и борба против корупција), 3). Реформа на јавната администрација, 4). Реформа на изборниот процес, и 5). Зајакнување на пазарната економија.

Оперативниот (технички) механизам го претставува движечкиот механизам и поддршката на дијалогот на високо ниво и истовремено ќе го следи статусот на реализацијата на активностите кои се договорени на стратешко (политичко) ниво.Во рамки на оперативните структури за следење на Пристапниот дијалог на високо ниво и техничкиот дијалог во поглавјето 23 Правосудство и човекови права и 24 Правда, слобода и безбедност формирана е Работна група на министри за следење на реализацијата на приоритетите утврдени на првиот состанок на ПДВН и реализацијата на активностите од оперативниот Патоказ. Работната группа е составена од Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања (координатор на РГ), Министерот за надворешни работи (Заменик координатор на РГ), Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за спроведување на Рамковниот договор, Заменик претседателот на Владата на Република Македонија и Министер за финансии, Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, Министерот за внатрешни работи, Министерот за правда, Министерот за труд и социјална политика и Министерот за информатичко општество и администрација.

Исто така, за време на седниците на Владата согласно воспоставената пракса на разгледување на статусот на европската интеграција, секоја втора недела се разгледува статусот на реализација на активностите од Патоказот.

2. **Краток осврт на статусот на реализиција на реформските цели и активностите во извештајниот период(април-јуни 2012)( по Приоритет/по Активност)**

- ✓ Статус на реализација – општо за секоја реформска цел и поединечно по секоја активност;
- ✓ Ефикасност (по однос на искористеноста на финансиските и човечки ресурси) и ефектот од имплементацијата на активностите;
- ✓ Резултати (оценка на реализацијата во споредба со планираните резултати).

## 2.1 МЕДИУМИ: СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Постигнат е договор по однос на декриминализацијата на клеветата и навредата, како и за висината на нематеријална штета. Изготвен е Предлог-Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета кој усогласен со последните достигнувања во дијалогот и истиот е доставен на мислење до Советот на Европа. Континуирано се спроведуваат обуки за примена на член 10 од ЕПЧП за сите судии што водат случаи на клевета, за кои по завршувањето на ќе биде спроведена евалуација за оценка на ефектите од истите во примената на член 10 од ЕКЧП, во секојдневната практична работа на судиите и обвинителите. Извршен е изборот на вкупно 70 пресуди на ЕСЧП кои се однесуваат на членот 10, за превод на македонски јазик, а за дел од нив преводот е веќе реализиран. Истите се достапни на веб страните на Министерството за правда и Академијата за судии и јавни обвинители.

### 2.1.1 Цел: Да се измени и дополни законодавство за клевета, да се подобри судска пракса и да се зајакнат професионалните стандарди

Интензивните дијалози во рамките на работна група за медиуми резултираа со договор за декриминализација на клеветата и навредата, како и за висината на надоместокот на нематеријална штета. Предлог-Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета е доставен на мислење до Советот на Европа.

**Приоритет 1: Усогласување на законодавството за клевета со европските правни стандарди (на пр. максимални износи на парични казни, отстранување на затвор како санкција, јасни одредби во однос на одбрана, јасни одредби за правни лекови, воведување на право на одговор и преставки).**

**Активност 1: Продолжување на дијалогот меѓу преставниците на новинарите и работната група за медиуми на Владата во врска со разговорите за декриминализација на клеветата, правата од работен однос на новинарите и дефинирање на професионални стандарди за вршење на новинарската професија.**

На состанокот на работната група за медиуми одржан во јуни 2012 година се постигна договор за декриминализација на клеветата и навредата, како и за

височината на надоместокот на нематеријална штета. Имено, договорените максимални надоместоци за нематеријална штета се 2.000 ЕУР за новинарот, 10.000 ЕУР за главниот и одговорен уредник и 15.000 ЕУР за сопственикот на медиумот. Предлог-законот е доставен на мислење до Совет на Европа, а исто така е проследен и до претставникот на ОБСЕ задолжен за медиуми.

**Приоритет 2: Консултација со експерти од Советот на Европа за измени и дополнувања во законодавството**

**Активност 1: Доставување на измените и дополнувањата во однос на законодавството за клевета на мислење до експерти на Совет на Европа**

Предлог-Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета согласно најновите достигнувања во дијалогот (договарањето на висината на казните за новинарите, уредниците и сопствениците на медиумите на состанокот на РГ за медиуми одржан на 13.06.2012 година) е доставен до Советот на Европа.

**Приоритет 3: Обезбедување посебни обуки за примена на член 10 од ЕПЧП за сите судии што водат случаи на клевета и вклучување на темата во наставната програма на Академијата за обука на судии и јавни обвинители (АОСО).**

**Активност 1: Спроведување на обука за член 10 од ЕСЧП засудии кои што водат случаи на клевета**

Академијата за судии и јавни обвинители континуирано спроведува обуки во врска со јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, за слободата на изразување. Согласно Каталогот за задолжителна обука на судии и јавни обвинители во периодот април - јуни 2012 година одржани се 2 обуки за член 10 од ЕКЧП на тема:

- Судска пракса во врска со кривични дела против честа и угледот и осврт на праксата на ЕСЧП во врска со примена на член 10 од ЕКЧП - која имаше за цел запознавање на медиумите и на судството со најновите документи на Советот на Европа и осврт на сегашната пракса на случаите во врска со кривичните дела клевета и навреда, сторени преку медиумите, со краток приказ на праксата на ЕСЧП преку развојот на стандардите поврзани со имплементацијата на член 10 од ЕСЧП и степенот на нивната имплементација во домашната пракса во поглед на постапувањето на судиите и постапувањето и на новинарите во врска со практикувањето на слободата на изразувањето и информирањето. На истата учествуваа вкупно 30 учесници[1]. Обуката беше финансирана од буџетот на АСЈО (околу 17.000.,00 МКД).

Национална конференција на тема “Примена на член 8 и член 10 од ЕКЧП”, во соработка со Совет на Европа, во рамките на која беа опфатени правото на слобода на изразување и неговите граници, националната законодавна рамка, како и практиката на ЕСЧП, во однос на чл 10 од ЕКЧП. Конференцијата беше

---

[1] 11 судии, 10 новинари и претставници на Народниот правобранител, МИМ, ОБСЕ, ОБДАД, УСАИД, како и директорот на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, претседателот на здружение на новинари и директорот на Академијата

финансирана од Совет на Европа и на истата учествуваа 31 судии и 15 јавни обвинители.

Со цел за обезбедување на квалитативни показатели за напредокот на обуките на судии согласно член 10 од ЕКЧП, Академијата за судии и јавни обвинители, спроведува избор на национални и странски експерти, како предавачи на наведените обуки, кои ги спроведуваат обуките преку презентирање на законодавството (кривични постапки во врска со кривичните дела против честа и угледот, клевета и навреда и граѓански постапки во врска со надомест на штета), и практика поврзана со примената на член 10 од ЕКЧП, во врска со член 8 и член 6 од ЕКЧП, како и компаративната практика на одделни земји согласно релевантните пресуди на ЕСЧП во врска со повредата на член 10 од ЕКЧП.

Во материјалите за обуките, вклучени се сите законски измени во однос на кривичните дела во врска со повреда на член 10 од ЕКЧП, како и прирачниците на Советот на Европа "Заштита на правото на слобода на мислата, совеста и религијата во рамките на ЕКЧП, "Заштита на правото на почитување на приватниот и семеен живот, според ЕКЧП" и "Водич за имплементација на член 10 на Европската конвенција за човекови права".

Целни групи на овие обуки се судии од кривичните и граѓанските оддели на судовите од сите инстанци и јавни обвинители од сите инстанци, кои работат на конкретни случаи и имаат практично искуство во водење на овие постапки. Обуките се финансирани од буџетот за обуки на АСЈО и од средства обезбедени од странските донатори.

Дополнително, во системот за e-learning кој беше воведен со поддршка од на ИПА 2008 Проектот "Зајакнување на институционалните капацитети на АСЈО", вклучен е и модул за примена на член 10 од ЕКЧП, до кој имаат пристап сите судии и јавни обвинители. Во рамките на овој модул поставен е и прашалник за евалуација и отворена е дискусија во врска со судската пракса поврзана со членот 10 од ЕКЧП.

Согласно воспоставениот систем за контрола за квалитетот на обуки, АСЈО во период од 6 месеци, по завршувањето на обуките, ќе спроведе евалуација за да ги оцени ефектите од спроведените обуки во врска со примената на член 10 од ЕКЧП, во секојдневната практична работа на судиите и обвинителите.

**Приоритет 4: Воведување на практиката за преведување и објавување на релевантни пресуди на Европскиот суд за човекови права што се однесуваат на член 10, вклучувајќи и анализа на стандарди и препораки што произлегуваат од нив.**

Од страна на Министерството за правда и Академијата за судии и јавни обвинители е извршен изборот на вкупно 70 пресуди на ЕСЧП кои се донесуваат на членот 10 ( слобода на изразување). Преведените пресуди се вклучени и во материјалите за обука, поставени во рамките на курсевите од воспоставениот e-learning систем.

**Активност 1: Избор на релевантни пресуди на ЕСЧП од член 10 за превод**

Министерството за правда во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, изврши избор на 70 релевантни пресуди за превод, од базата на

пресуди достапна на веб страната на ЕСЧП, кои се однесуваат на членот 10 од ЕКЧП.

**Активност 2: Превод на 22 пресуди ЕСЧП што се однесуваат на член 10**

Заклучно со мај 2012 година преведени се вкупно 22 пресуди на ЕСЧП[2], кои се објавени на веб страната на Министерството за правда и Академијата за судии и јавни обвинители.

**Активност 3: Превод на 24 пресуди ЕСЧП што се однесуваат на член 10**

Во текот на јуни 2012 година беа преведени уште 24 релевантни пресуди на Европскиот суд за човекови права, што се однесуваат на член 10 .

**Активност 4: Објавување на линкови за преведените пресуди на ЕСЧП, на веб страните на АСЈО и МП**

Преведните пресуди континуирано се објавуваат на веб страните на МП и АСЈО. 22 пресуди веќе се објавени на веб страната на МП и на веб страната на АСЈО, а се вклучени и во материјалите за обука, поставени во рамките на курсевите од воспоставениот e-learning систем.

**Активност 5: Анализа на стандарите содржани во пресудите и подготовка на препораки**

Подготовката на анализата е во тек. Обезбедена е техничка поддршка од страна на Британската амбасада, во чии рамки консултантот ќе изврши анализа на пресудите на ЕСЧП, во врска со член 10 од ЕКЧП, врз основа на која ќе се изготват препораки за стандардите и најдобрите пракси по однос на слободата на изразување, особено по однос на случаи на клевета.

**Приоритет 5: Работната група за медиуми да дискутира за тоа кои се опциите за зајакнување на етиката и професионалните стандарди во новинарството, вклучувајќи и основање на само регулаторен механизам**

**Активност 1: Одржување на состанок на Работната група за медиуми со цел дискутирање за зајакнувањето на етиката и професионалните стандарди во новинарството, вклучувајќи и можноста за основање на само регулаторен механизам**

---

[2] Пресуда Радио Франција и други против Франција, 2004; пресуда случај Едисион Плон против Франција, 2004; пресуда случај прагер и обершлик против австрија, 1995; пресуда bladet tromsø and stensaas v. norway, 1999; пресуда kasabova против бугарија, 2011; пресуда аксу против турција, 2012; пресуда oberschlick против австрија, 1997; пресуда british broadcasting corporation против обединетото кралство, 1994; пресуда stoll v. switzerland, 2007; пресуда случај goodwin против обединетото кралство, 1996; пресуда bladet tromso and stensaas v. norway, 1999; пресуда случајот на лингенс против австрија, 1986 год.; пресуда guja v. moldova, 2008; пресуда tamer против естонија, 2001; пресуда случај нилсен и џонсен против норвешка, 1999; пресуда pedersen and baadsgaard v. данска, 2004; пресуда јершилд против данска, 1994 год.;пресуда steel and morris против обединетото кралство, 2005 год.; пресуда хендисајд против обединетото кралство, 1976 год.; пресуда сандеј тајмс против обединетото кралство, 1991 год; пресуда божков против бугарија, 2011 год; пресуда фон хановер (von hannover) против германија, 2004 год.; пресуда hachette filipacchi associes против франција, 2007 год

На последниот состанокот на РГ за медиуми одржан во јуни 2012 година, беше постигната согласноста по однос на декриминализацијата и предвидувањето на каскадна одоворност за новинарите, уредниците и сопствениците на медиумите што претставува основа за отпочнување на процес на зајакнување на професионалните стандарди преку ефективна саморегулација.

**2.1.2 Цел: Советот за радиодифузија да ја подобри примената на прописи на сопственишто во медиумите и изменување и дополнување на законодавството**

Советот за радиодифузија редовно ја следи примена на одредбите од Законот за радиодифузната дејност во врска со правилата за конфликт на интереси. Воедно ги задолжи сите радиодифузери во Република Македонија до крајот на септември 2012 да го усогласат своето работење со одредбите содржани во Законот за радиодифузната дејност. Дополнително, беа иницирани законодавни измени кои би имале за цел востановување на Регистар на сите носители на јавни функции и членови на нивните семејства во Република Македонија како би можел Советот редовно да презема "чекори за разрешување на конфликтите на интерес во врска со контролата врз приватните радиодифузери од страна на лица кои се вклучени во политиката".

**Приоритет 1 - Преземање чекори за обезбедување на целосна примена на член 11 и членовите 13-20 од Законот за радиодифузија (конфликт на интереси и нелегална концентрација), вклучувајќи ја и гаранцијата дека се воспоставени потребната извршна надлежност и мерки**

**Активност 1: Континуирано следење на усогласувањето на радиодифузерите со членот 11 од Законот за радиодифузната дејност и известување за истото до Владата на РМ (согласно заклучокот на Советот според кој на радиодифузерите им дава рок до септември 2012 година да се усогласат со член 11 на Законот за радиодифузната дејност)**

Советот за радиодифузија со цел да се обезбеди доследна примена на одредбите од Законот за радиодифузната дејност во врска со правилата за конфликт на интереси, до сите радиодифузери во Република Македонија достави дописи, со определување на 30-ти септември 2012 година за краен рок во кој радиодифузерите се обврзани да го усогласат своето работење со одредбите содржани во Законот за радиодифузната дејност. Доколку во утврдениот рок не постапат по наведеното задолжување, Советот за радиодифузија, согласно своите законски овластувања ќе иницира постапка за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност.

Дополнително, во мај 2012 година, ја усвои Информацијата за почитување на членот 11 од Законот за радиодифузната дејност од страна на радиодифузерите, чии основачи или сооснoвачи се акционерски друштва (Советот има доделено дозволи за вршење радиодифузна дејност на 4 трговски радиодифузни друштва чии основачи се Акционерски Друштва – АД).

Согласно одредбата (член 16) според која таен содружник не може да учествува со паричен и непаричен влог во радиодифузер, до радиодифузерите чии основачи или сооснoвачи се акционерски друштва, беше доставен допис со кој беше побарано најдоцна во рок од 7 дена, до Советот за радиодифузија да достават

податоци за тоа кој се јавува како основач на нивните основачи, односно податоци за нивните акционери и за висината на нивните влогови. Доколку во утврдениот рок не се постапи согласно истиот ќе биде иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност, врз основа на член 63 став 1 алинеја 3 од Законот за радиодифузната дејност.

Исто така , во мај 2012 , Советот за радиодифузија пристапи кон издадавање одобрение за промена на сопственичката структура на радиодифузер поради тоа што актуелниот основач на радиодиуфзерот е носител на јавна функција во локалната самоуправа, и дека промената на сопственичката стуктура е во насока на усогласување на работењето на радиодифузерот со одредбата содржана во член 11 од Законот за радиодифузна дејност.

**Активност 2: Носење на измени на законската легислатива од областа на медиумите со кои ќе се допрецизираат одредбите кои се однесуваат на заштита на медиумскиот плурализам, разновидноста и јавноста на работата на радиодифузерите (членови 13-20 од Законот за радиодифузната дејност)**

Имајќи ја предвид променлива категорија на сопственичката структура на трговските радиодифузни друштва, а и фактот дека носителите на јавни функции се избираат/именуваат за одреден временски период, со цел да се обезбедат реални услови за примена на членот 11 од ЗРД, во своето мислење за предложените измени на изборното законодавство, доставено до Министерството за правда во јуни 2012 година, укажува на потребата од востановување, односно водење Регистар на сите носители на јавни функции и членови на нивните семејства во Република Македонија.

Како најсоодветна институција која би го водела Регистарот на носители на јавни функции и членови на нивните семејства во Република Македонија, е предложена Државната комисија за спречување на корупцијата, каде би се доставувале податоците за сите носители на јавни функции во РМ и овие податоци би се вкрстувале по различни (законски) основи. Со цел да се реализира оваа активност, потребни се одредени законски измени.

На овој начин и Советот за радиодифузија, како корисник на овие податоци би бил во можност редовно да презема "чекори за разрешување на конфликтите на интерес во врска со контролата врз приватните радиодифузери од страна на лица кои се вклучени во политиката", а истовремено и да го обезбедува регистарот со одредени податоци со кој располага.

## 2.2 ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

### 2.2.1 Цел: Да се подобри ефикасноста на правосудството

Со цел да се подобри ефикасноста на судството, Министерството за правда во соработка со Судскиот совет на Република Македонија, Советот на Јавни обвинители и Академијата за судии и јавни обвинители, превземаа активности за развивање на веродостојна судска статистика, намалување на бројката на нерешените случаи во одредени судови, како и подобрување на професионализмот во судството. Врз основа на статистичките месечни извештаи за работата на Врховниот суд, Апелациониот суд Скопје, Управниот суд за месец

април и мај 2012 година, резултатите покажуваат дека превземените активности веќе придонесуваат за намалување на заостатокот на предмети.

Во Апелациониот суд Скоје за два месеци целосно е совладан приливот, додека заостатокот на предмети е намален вкупно 26,1% .Во Управниот суд целосно е совладан приливот и намален е заостатокот за 4,37% или вкупно 6,15% за период од два месеци. По однос на Врховниот суд, целосно е совладан приливот и намален е заостатокот за 4,37% или вкупно 9,8% за период од 2 месеци.

**Приоритет 1 - Преземање на активности за развој на софтвер за судска статистика за да се овозможи соодветно спроведување на Методологијата за судска статистика од 2011 година и да се започне со систематско собирање/анализа на податоци во однос на квалитет и брзина на правосудство (на пр., просечно времетраење на судски постапки, број на одбиени жалби, итн.)**

Во април 2012 година се формира на Комисија надлежна за процесот на изготвување на софтверска апликација за примена на Методологијата за судска статистика..

**Приоритет 2 - Намалување на нерешените случаи во Врховниот суд, Управниот суд и Апелационите судови.**

Со цел за намалување на нерешените случаи во Врховниот суд, Управниот суд и Апелационите судови, Министерството за правда во соработка со Судскиот совет во изминатиот период презеде повеќе активности. Во таа насока, Судскиот совет на РМ на 02.02.2012 год. донесе Одлука за ориентациониот број на минимум предмети што треба да ги реши судијата месечно во основните, апелационите, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија за 2012 год. Согласно Одлуката зголемена е нормата за решени предмети и тоа: во Врховниот суд зголемена е нормата за решени предмети за судење во разумен рок за 5 предмети месечно, и истата изнесува 20 предмети; во Вишиот управен суд нормата за решени предмети е зголемена и тоа од 35 на 45 предмети за второстепените управни спорови, додека за прекршочни предмети нормата изнесува 170 предмети; во Управниот суд нормата на решени предмети е зголемена од 33 на 40 предмети за управни спорови, додека за прекршочни предмети, нормата е зголемена за 170 предмети.

Исто така, Судскиот совет на РМ на 11.04.2012 г. донесе Одлука за времено упатување на 4 судии од Вишиот Управен суд во Управниот суд за период од три месеци.

Врз основа на статистичките месечни извештаи за работата на Врховниот суд, Апелациониот суд Скопје, Управниот суд за месец април и мај 2012 година, резултатите покажуваат дека превземените активности веќе придонесуваат за намалување на заостатокот на предмети.

Во таа смисла, според статистичкиот извештај за работата во Апелациониот суд Скопје за месец април 2012 г. нерешени предмети на почетокот на месец април биле 5.001 предмети, примени се 1.097 нови предмети, а решени се 1.894 предмети, со што целосно е совладан приливот и за 1 месец намален е заостатокот на предмети за 15,9%. Според Извештајот за месец мај примени се нови 1.865 предмети, а решени се 2.295 предмети со што целосно е совладан приливот и

намален е заостатокот за 10,2%. Имено Апелациониот суд Скопје за период од два месеци го намалил заостатокот на предмети за вкупно 26,1%.

Во однос на заостатокот на предмети пред Управниот суд, превземени се следниве мерки: избор на нови судии, менување на надлежностите и овозможување на судија поединец да одлучува за прекршочни предмети, упатување на 4 судии од Вишиот Управен суд во Управниот суд, како и зголемување на нормата на решени предмети од 33 на 40 предмети за управни спорови, а за прекршочни предмети, нормата е зголемена за 170 предмети, со што се очекува до утврдениот рок да се постигне 15% намалување на заостатокот на предмети. Согласно извештајот за работа за месец април 2012 г. целосно е совладан приливот на новопримени предмети. Имено примени се 1.281 нови предмети, а решени се 1.565 предмети односно решени се дополнителни 289 предмети од примените предмети. Според Извештајот за месец мај 2012, примени се нови 1.245 предмети, а решени се 1.942 предмети, со што целосно е совладан приливот и намален е заостатокот за 4,37% или вкупно 6,15% за период од два месеци.

Согласно Месечниот преглед за работата во Врховниот суд на РМ, за месец април 2012 г. целосно е совладан приливот на нови предмети. Имено, примени се 348 нови предмети, а решени се 498 предмети. Согласно наведеното, решени се дополнителни 150 предмети од примените предмети или 5,4%. Според Извештајот за месец мај 2012, примени се нови 430 предмети, а решени се 545 предмети, со што целосно е совладан приливот и намален е заостатокот за 4,37% или вкупно 9,8% за период од 2 месеци.

**Приоритет 3 - Дефинирање и усвојување на начини за номинирање на извршители подеднакво низ земјата**

Со цел за дефинирање и усвојување на начини за номинирање на извршители подеднакво низ земјата, на 15.06.2012 год. објавен е конкурс за именување на 2 извршители и тоа: за подрачјето на Основниот суд Скопје 1 и Основниот суд Скопје 2 еден извршител и подрачјето на Основниот суд во Кочани, Основниот суд во Берово, Основниот суд Виница и Основниот суд во Делчево еден извршител. Од вкупно предвидените 132 извршителски места според Правилникот, во Република Македонија пополнети се вкупно 90 извршителски места, од кои во северозападниот дел пополнети се 52 извршителски места (3 извршители за подрачје на Основен суд Гостивар и Кичево, 7 извршители за подрачје на Основен суд Куманово, К.Паланка и Кратово, 4 извршители за подрачје на Основен суд Охрид, Струга и Дебар.,33 извршители за подрачјето на Основен суд Скопје I и Основен суд Скопје II и 5 извршители за подрачјето на Основен суд Тетово)

На 04.05.2012 год. се одржа априлската испитната сесија (писмен и усмен дел), при што од пријавени 6 кандидати, испитот го положиле 4 лица. Закажана е испитна сесија за месец јуни, во тек е пријавување на кандидатите.

Приоритет 4 - Подобрување на инфраструктурата и опремата на Јавното обвинителство

Во тек се градежните активности за изградба на зграда за ЈОРМ, а во тек се активностите во однос на опремување на зградата со канцелариски мебел. По однос на оваа активност обезбедени беа средства во висина од 14 000 000 за изградба на зградата, додека за нејзиното опремување обезбедени си 800 000 евра.

Обезбеден е простор за Основното Јавно Обвинителство за гонење на дела од организиран криминал и корупција во објекотот во кој досега беше сместен Државниот архив на РМ (согласно одлука на Влада на РМ). Постигнат е напредок во однос на јакнење на капацитетите на основното јавно обвинителство преку избор на 3 јавни обвинители во ОЈО за организиран криминал и корупција, со што се пополнети сите 13 јавнообвинителски места согласно постојната систематизација.

### 2.2.2 Цел: Да се подобри квалитет на правосудство и независноста на судството

Подготвени и усвоени од страна на Владата беа измени и дополнувања на Законот за судови во делот на условите за избор на судии во повисоките судови со цел забрзување на примената на новите професионални услови. Согласно измените, примената на овие одредби се предвидува да започне од 01.01.2013 година. Извршен е избор на 2 јавни обвинители од III генерација кандидати и 1 јавен обвинител од IV генерација кандидати од АСЈО. Во тек е анализа и евалуација на правните одредби кои се однесуваат на дисциплинска постапка и разрешување на судии и обвинители

**Приоритет 1 - Обезбедување на назначувања во судството целосно врз основа на заслуги на сите нивоа со укинување на преодните одредби за назначување на нови судии од АОСО и забрзување на примената на новите професионални услови за судии од повисок степен (Закон за судовите).**

Заклучно со 15.06.2012 год. избрани се вкупно 54 кандидати од I, II, III и IV генерација и тоа: 32 судии и 22 јавни обвинители. - Судскиот совет и Советот на јавни обвинители согласно Планот за избор на кандидати од АСЈО,имаат обврска да изберат уште вкупно 26 кандидати од II, III и IV-та генерација и тоа: 15 судии и 11 јавни обвинители.Имено, СЈО на 30.05.2012 год. изврши избор на 2 јавни обвинители од III генерација кандидати и 1 јавен обвинител од IV генерација кандидати од АСЈО. Објавен е нов оглас за избор на 5 обвинители од редогт на кандидатите од АСЈО.

За да се обезбеди забрзување на примената на новите професионални услови за судии од повисок степен, изготвен е Предлог законот за измени на Законот за судовите, со кои се предвидува новите професионални услови за судии од повисок степен, да започнат да се применуваат од 01.01.2013г. Истот е усвоен од страна на Владата на РМ и испратен во собраниска процедура .и се очекува да биде усвоен од страна на Собранието до крајот на јуни 2012 година.

**Приоритет 2 - Навремено спроведување на стратегијата од 2011 година за број на судии и обвинители и обезбедување на навремен прием на студенти на АОСО за академската 2012/13 година**

Согласно одлуките на ССРМ и СЈОРМ, определен е вкупниот број на 5-тата генерација на слушатели на почетна обука на вкупно 29. Започнати се активности за прием на кандидати и тоа донесени се Програма за приемен испит и Правилник за полагање на приемен испит во АСЈО, кои се објавени на веб страната на Академијата а Правилникот и во Службен весник на РМ (бр.60/2012). На 02.05.2012 г. Управниот одбор на Академијата донесе одлука за објавување на јавен оглас, по

која на 16.05.2012 објавен е оглас за прием на слушатели за почетна обука за академската 2012-2014 год, со рок за пријавување од 15 дена. Огласот е објавен во Сл.Весник на РМ бр. 60/2012. По завршување на рокот за пријавување, Управниот одбор на АСЈО, на седницата одржана на 13.06.2012 година, донесе одлука, во согласност со чл.44 од Статутот на АСЈО, да се објави нов јавен оглас за прием на слушатели во почетна обука.ж

Финансиски импликации: За спроведување на оваа активност досега се потрошени околу 45.000,00 денари од предвидените средства од буџетот на АСЈО (за објавување на првиот јавен оглас и Правилникот) и понатаму сите трошоци околу објавување на новиот оглас, спроведување на подготвителна настава и приемен испит вклучително трошоците за јавна набавка на услугата за прилагодување и спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет како и за спроведување на (две-годишната) почетната обука вклучително надоместот на плати и придонеси од плати на слушателите на почетна обука, ќе се финансираат од буџетот на АСЈО.

Приоритет 3 - Анализа и евалуација на правните одредби кои се однесуваат на дисциплинска постапка и разрешување на судии и обвинители.

Од 01.01 - до 01.04.2012г. Судскиот Совет има поведено 2 постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција против судии на Основен суд Велес, од кои едниот е разрешен на седницата на Судскиот совет одржана на 8.03.2012 година, додека против другиот во тек е постапката. Исто така на седницата одржана на 8.03.2012 донесена е Одлука за изрекување на дисциплинска мерка на судија на Основен суд Штип.

### 2.2.3 Цел: Да се зајакнат антикорупциските мерки и нивна проверлива примена

Постигнат е напредок во однос на обезбедување на системска проверка на изјавите на судир на интереси преку уредувањето на законоската рамка и започнување со проверката на истите. Веќе е постигнато досие на извршени проверки на пратенците, министрите и избраните и именувани лица. Во тек се измени на законот за финансирање на политички партии и Изборниот законик заради поголема транспарентност на финансирањето на политичките партии.

**Приоритет 1 - Измена и дополнување на Законот за судир на интереси и на подзаконските акти со кои се утврдува постапка за систематска проверка на содржина на изјавите (во насока на тоа што беше направено за анкетните листови).**

Владата на Република Македонија, на 20.03.2012 година, донесе Уредба за начинот на проверка на содржината на изјавите за интереси ("Службен весник на Република Македонија бр.42/2012") која стапи во сила од 04.04.2012г.)

Согласно Уредбата, ДКСК започна проверка на содржината на изјавите на интереси поднесени од службените лица од член 20-а од Законот за спречување на судир на интереси. а седница на ДКСК одржана на 24.04.2012 год. усвоен е План и динамика на проверка на претходно поднесените изјави за интереси на избраните и именувани лица, согласно кој во II квартал (април-јуни) 2012г. се проверува содржината на изјавите за интереси на службените лица од законодавната власт и

службените лица избрани и именувани од Собранието на РМ вклучувајќи ги и членовите од Владата на РМ, додека во III и IV квартал (јули - декември) ќе се проверат изјавите за интереси на службените лица од локалната власт. Врз основа на утврдените наоди ќе се изготват периодични извештаи. Согласно изготвениот План за 2-от квартал за проверка на поднесените изјави за интереси во овој период се врши проверка на изјавите за интереси поднесени од службените лица од законодавната власт.

Согласно член 7 од Уредбата, ДКСК го усвои Периодичниот преглед за проверените изјави за интереси поднесени во период јануари – април 2012, врз основа на кој од вкупно проверени 41 изјави за судир на интереси, за 3 лица покрената е постапка за утврдување на можна кумулација на функции.Во останатите 38 изјави не се најдени елементи за судир на интереси. ДКСК на седницата одржана на 11.05.2012 година донесе заклучок против две службени лица да поведе постапка за отстранување на состојбата на судир на интереси, согласно со одредбите од ЗССИ, а за едно од утврдените лица да се побараат дополнителни податоци во насока на утврдување целосна фактичка состојба. Согласно со утврдениот план и динамика за проверка на изјавите за интереси во текот на месец мај ДКСК изврши проверка на изјавите за интереси на носителите на законодавната власт-пратеници. Врз основа на извршената проверка беше констатирано дека сите 123 пратеници имаат поднесено изјава за интереси до ДКСК. Резултатите од проверката покажаа дека кај 4 (четири) пратеници има неспојливост на функцијата, односно дека паралелно со пратеничката извршуваат и друга функција, односно професија. За овие 4 лица носители на законодавната власт ДКСК на седницата одржана на 23.05.2012 година донесе заклучок за се побараат дополнителни податоци во насока на проверка на утврденото и утврдување целосна фактичка состојба. Во тековниот период ( месец јуни 2012 година) се врши проверка на изјавите за интереси поднесени од носителите на извршната власт - министри и заменици министри.

**Приоритет 2 - Обезбедување на целосна усогласеност со Законот за финансирање на политички партии (односно целосен надзор и ревизија од страна на ДЗР -Државен завод за ревизија).**

Во тек се измени на Изборниот законик и Законот за финансирање на политички партии.

**Приоритет 3 - Постигнување на дополнителни јасни резултати во однос на истрагите, обвиненијата, осудите и казните што може да се користи како показател на проблематични области, а коишто треба да бидат цел на идни стратегии.**

Во однос на случаи на висок профил на корупција, состојбата е следна: 1. Случај "Поранешна Директорка на Управата за јавни приходи" – завршен, Врховниот суд на Република Македонија во 2011 год. ја потврди првостепената пресуда 2. Случај "Кредити – Агенција за обнова и развој" – донесена ослободителна пресуда на 01.02.2012 година. Од 11.05.2012 г. предметот е во жалбена постапка пред Апелациониот суд Скопје 3.Случај "Армиско оружје"- завршена е првостепената постапка пред ОС Скопје 1, и донесена е првостепена осудителна пресуда која е објавена на 13.12.2011 година. Од 19.04.2012 г. предметот е во жалбена постапка пред

Апелациониот суд Скопје 4.Случај “Народна банка” - закажан е претрес на 31.05.2012 год. 5. Случај “Набавка на резервни армиски делови”- закажан е претрес на 15 и 29.05.2012 г. 6. Случај “Змиско око” - закажан е распит на 29.05.2012 7.Случај „Пепел 2“, завршен со осудителна пресуда, донесена на 26.01.2011 г. Од 23.06.2011 год. предметот е во жалбена постапка пред Апелациониот суд 8. Поранешен градоначалник на општина Аеродром и поранешниот Началник за Одделението за урбанизам во Општина Аеродром, завршен со првостепена осудителна пресуда објавена на 24.02.2012 год. 9.Поранешен директор на ЈП „Електростопанство на Македонија“ , завршен со првостепена осудителна пресуда објавена на 05.04.2012 год. Во 2011 година: поведени се 389 истраги за случаи на корупција од кои поднесени се 109 обвинителни акти и донесени се 177 правосилни пресуди и осудени се 125 лица. Во првите три месеци од 2012 година: поведени се 28 истраги за случаи на корупција, од кои поднесени се 3 обвинителни акти и донесени се 17 правосилни пресуди и осудени се 16 лица.

### 2.2.4 Цел: Да се зголеми ефикасноста и транспарентноста при управувањето со истражната техника на следење на комуникациите

Подготвени се измени на Законот за следење на комуникации. Во тек е нивно усогласување со добиените коментари и препораки од експертите ангажирани од страна на Европската комисија.

**Приоритет 1 - Измена на соодветното законодавство за посебни истражни мерки, вклучително и во однос на укинување на улогата на министерот за внатрешни работи при одобрување на посебни истражни мерки.**

Беа подготвени измени и дополнувања на Законот за следење на комуникации кои беа доставени на мислење до Европската комисија. По однос на измените беше одржана јавна расправа. Воедно во периодот од 18-19 јуни 2012 година беше одржан технички состанок со експерти на ЕК.

### 2.2.5 Цел: Да се подобри дијалог меѓу заедниците

Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор формираше работни тимови кои работат на подготовка на Извештај за анализа и разгледување на состојбата со спроведување на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Одржан беше follow up состанок на Семинар за инклузија на Роми и Роми-бегалци во февруари 2012 год. Третиот состанок се предвидува за септември 2012. Со ребалансот на буџетот за 2012 година вкупниот износ за поддршка на имплементацијата на Декадата за Роми е зголемен за 640 000,00 МКД и изнесува 46.630 000,00 МКД[3]. Континуирано се спроведуваат активности во рамките на приоритетните области од Декадата на Ромите.

**Приоритет 1 - Секретаријат за спроведување на охридскиот рамковен договор (во консултација со граѓанското општество и јавните институции) треба да состави и објави извештај за анализа и разгледување на состојбата со спроведување на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор (ОРД).**

---

[3] од кои 31.049 000,00 МКД буџетски средства и дополнителни 15.581.000, 00 МКД по пат на донации

**Активност 1: Формирање на меѓу-секторска работна група задолжена за собирање и анализирање на материјал по областите содржани во рамковниот договор**

Работната група е формирана. Од причина што истата брои поголем број на членови, истите се поделија во подгрупи кои работеа на секоја од дадените области на Охридскиот договор (недискриминација, образование, правична застапеност, употреба на јазиците и децентрализација). Работната група интензивно одржува состаноци на кои се дискутираат увидените состојби и евентуалните проблеми. Во секоја од работните подгрупи е вклучен и експерт од Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија.

**Активност 2 : Подготовка на Извештај по однос на состојбата за имплементација на сите политики што произлегуваат од Охридскиот рамковен договор**

Работните подгрупи кои работат на секоја од дадените области на Охридскиот договор (недискриминација, образование, правична застапеност, употреба на јазиците и децентрализација) ги имаат подготвено нацрт-извештаите. Сите делови се заокружени со препораки за идните чекори што треба да се преземат. Материјалот ќе биде синтетизиран во сеопфатен Извештај предпоследната недела од јуни 2012.

**Приоритет 2 - Продолжување со следење и спроведување на заклучоци од Семинарот за Роми од јули 2011 година и последователниот Акциски план на владата, вклучувајќи и организација на полугодишни состаноци за преглед на напредокот**

**Активност 1: Организирање на полугодишен работен состанок за преглед на реализирање на активностите по однос на поставените мерки од Акциониот план произлезен од заклучокот од Семинарот за Роми**

По одржаниот прв Семинар за инклузија на Роми и Роми-бегалци, во јули 2011 година, Министерството за труд и социјална политика, Кабинетот на министерот без ресор Неждет Мустафа, Секретаријатот за Европски прашања и Делегацијата на Европската Комисија го организираа и Вториот Семинар за инклузија на Роми и Роми-бегалци, кој се одржа во Скопје на 28 февруари 2012 год. На овој Семинар присуствуваа претставници на меѓународни организации, амбасади, ромски невладини организации, како и претставници на ресорни министерства, кои ги презентираа спроведените активности во своите ресори за периодот август 2011-февруари 2012 година.

Семинарот од страна на учесниците беше оценет како мошне успешен, пред сé бидејќи се водеше интерактивно со можност за дискусија и поставување на голем број на прашања и давање на одговори од страна на надлежните министерства. Голем импут дадоа и министрите од институциите кои го организираа настанот кои учествуваа со свои обраќања на почетокот на Семинарот.

Согласно динамиката на реализирање на активностите, договорено е следниот Семинар да се одржи во септември 2012 година.

**Активност 2: Доставување на квартални извештаи до Владата на РМ за имплементацијата на активностите од Акциониот план**

Во согласност со заклучоците од Првиот Семинар за Роми и Роми-бегалци, се подготви Акционен план со конкретни индикатори за реализирање на активности во ресорните министерства, за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите. Акциониот План беше пополнет од страна на ресорните министерства и презентиран на Вториот Семинар за Роми и Роми бегалци за периодот август 2011-февруари 2012.

До крајот на јуни 2012 год Акциониот План ќе биде доставен до ресорните министерства за негово дополнување и известување за реализираните активности за периодот март-јуни 2012 година. Истиот ќе биде презентиран на Третиот Семинар за Роми и Роми патувачи, кој ќе се одржи во септември 2012 година.

Во текот на месец август Акциониот План ќе биде доставен до Владата на Република Македонија на усвојување.

**Приоритет 3 - Значително зголемување и одржување на државниот буџет за 2012 година за Стратегијата за Ромите/Декада на Ромите во сите релевантни министерства**

**Активност 1: Проект за Вклучување на деца Роми во јавните претшколски установи во Македонија**

Овој Проект веќе пет години успешно се реализира во соработка помеѓу Минкистерството за труд и социјална политика, Ромскиот Едукативен Фонд и 18 Единици на локална самоуправа.

Во тек е имплементацијата на Програмата за инклузија на деца-Роми во предучилишно образование за тековната учебна 2011/2012 година. Во оваа учебна година, во рамките на проектот, досега се вклучени 372 деца Роми, на возраст од 3.8 до 5.7 години, во 18 општини (единици на локална самоуправа). За поуспешно вклучување на ромските деца во предучилишното образование ангажирани се и 19 негувателки од ромската етничка заедница кои го помагаат овој процес, а исто така ангажирани се и 18 ромски НВО кои се вклучени во комуникацијата со родителите на децата.

**Активност 2: Проект за условени парични надоместоци во средно образование**

Во тек е втората година од имплементацијата на овој Проект, кој се реализира преку донесување на програми за соодветна учебна година, т.е. за периодот од 1 септември до 30 јуни. По завршување на тековната програма за оваа учебна 2011/12 година, заклучно со месец јуни 2012 година, ќе биде донесена нова програма за исплата на овој надоместок за учебната 2012/13 година.

Со Програмата за условен паричен надоместок за вклучување и редовна посета во образовниот процес во средни училишта се обезбедува посебен надоместок како дополнителен стимул за завршување на средното образование на децата од домаќинствата кои се корисници на социјална парична помош.

Од вкупниот број на корисницина овој надоместок, 10.2% се ученици-Роми за кои, за учебната 2011/12 год. се издвоени финансиски средства во износ од 9,528,000 ден.

**Активност 3: Проект Поддршка за имплементација на Стратегијата за Ромите/ИПА-компонента**

Овој Проект се имплементира во рамки на ИПА Компонентата 1, во временски период од 18 месеци, од јануари 2011 до јули 2012 година.
Со Проектот се обезбедува поддршка во зајакнувањето на оперативните координативни структури и на национално и на локално ниво за имплементирање на Стратегијата за Ромите, градењето на капацитетите на релевантните структури, вработените во Одделението за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите во Министерството за труд и социјална политика, како и на Кабинетот на Министерот без ресор - Национален координатор на Декадата и Стратегијата за Роми, членовите на Владиното координативно тело за имплементација на Декадата и Стратегијата за Роми, претставници на локалната самоуправа, Ромските Информативни Центри, како и релевантните невладини организации.
Јакнењето на капацитетите, бвоглавно се врши преку организирање на соодветни обуки, согласно потребите на институциите.

**Активност 4: Функционирање на 10 Ромски информативни центри**

Согласно Националниот Акционен План од Декадата и Стратегијата за Роми од 2007 година, Министерството за труд и социјална политика започна со имплементација на Проект „Ромски Информативни Центри". Целта на овие Центри е да претставуваат врска помеѓу институциите на национално и локално ниво и ромската етничка заедница, односно да овозможат проток на информации и олеснување на пристапот до информации за Ромската популација, а со тоа и остварување на со закон загарантираните права.
Во моментот функционираат 10 Ромски Информативни Центри, и тоа 2 во Скопје (во Шуто оризари и во Топаанско поле), Тетово, Гостивар, Прилеп, Битола, Куманово, Штип, Делчево и Кочани.
Ромските информативни центри се сместени во општините, кои се задолжени да им обезбедат технички услови на вработените во овие Центри, додека Министерството за труд и социјална политика е обврзано да обезбеди личен доход на вработените во центрите

**Активност 5: Стипендирање на 600 ученици Роми**

Од вкупно пристигнатите 823 апликации на ученици Роми согласно конкурсот, за 2011/2012 година се доделени 600 (шестотини) стипендии, од кои според успехот на учениците, 400 стипендии за ученици од прва категорија со постигнат успех од 3.58 до 5.00 и месечен надомест во висина од 2,200 денари и 200 стипендии за ученици од втора категорија со постигнат успех од 3.08 до 3.58 и месечен надомест во висина од 1,500 денари бруто износ, по ученик.

**Активност 6: Реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени со Роми**

Согласно Декадата и Стратегијата за Ромите во Република Македонија и Акциониот план за домување, во однос на активностите за подобрување на состојбите во делот на домувањето и комуналната инфраструктура, се реализираат следните проекти :

1. Општина Битола - Проект: „Реконструкција на коловоз на улица Љубојно - крак 1, 2, 3" - населба Баир (2.086.000 денари).

2. Општина Чаир - Проект: „Реконструкција на улица 376/1 и 376/2“ во населба Стара Топана (1.700.000 денари).
3. Општина Газа Баба - Проект: „Изградба на фекална канализација на улица 12“ во населено место Јурумлери (1.500.000 денари).
4. Општина Кочани - Проект: „Изградба на потпорен ѕид на улица Стамен Манов - крак 2“ (1.000.000 денари).
5. Општина Кичево - Проект: „Реконструкција на речно корито и сообраќајници“ (1.000.000 денари),
6. Општина Прилеп - Проект: „Изградба на фекална канализација за крак од собирна улица Беровска“ (900.000 денари).
7. Општина Делчево - Проект: „Реконструкција на дел од дистибутивната мрежа во градот Делчево, зона обиколен цевковод КРАК 2“ (800.000 денари).

**Активност 7: Одржување на Буџетот за ромската Декада за непречена реализација на Стратегијата за Роми**

Со ребалансот на Буџетот на РМ направено е зголемување за 640.000,00 денари (буџет 30.409 000,00 денари; ребаланс 31.049 000,00 денари)- зголемвањето е направено особено кај Министерството за здравство (буџет 204 000, 00; ребаланс 1.000 000,00 денари)

## 2.3 РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

### 2.3.1 Цел - Да се подобри управување со човечки ресурси

Планирано е донесување на нов Закон за администрација кој ќе ја спои правната рамка за државни и јавни службеници, со што ќе се надминат одредени проблеми од сегашната фрагментација на оваа регулатива, а ќе се внесат и одредени новитети кои пред сè, се насочени кон подобрување на системот на администрација. Исто така, предвидено е да се изработи и воведе методологија за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото за вработување врз основа на заслуги и реалните потреби на институциите.

**Приоритет 1 - Анализа на спроведувањето на постојните закони за јавни и државни службеници имајќи ги предвид коментарите на Европската комисија (фрагментација на државна служба, времени наспроти трајни вработувања; тестови за нови вработени, период на оценување, итн.) и преточување на наодите во нови законски решенија и спроведување на применливи постапки за вработување со целосна транспарентност и доследност кон начелото врз основа на заслуги, исфрлање на работни места предвидени за одредени лица, вклучително и за времен кадар.**

Новиот Закон за администрација ќе ја спои правната рамка за државни и јавни службеници, со што ќе се надминат одредени проблеми од сегашната фрагментација на оваа регулатива, а ќе се внесат и одредени новитети кои пред сè, се насочени кон подобрување на системот на администрација во Република Македонија. Нацрт текстот на Законот за администрација, кој е поставен на ЕНЕР системот заради спроведување на електронски консултативен процес со сите

заинтересирани субјекти и граѓани. На 29.05.2012 година, нацрт текстот на Законот за администрација е испратен на мислење до инволвираните институции.

**Активност 1 - Изготвување на анализа на спроведувањето на постојните закони за јавни и државни службеници имајќи ги предвид коментарите на ЕК:**

Анализата на спроведувањето на постојните закони за јавни и државни службеници е изготвена од страна на работната група составена од државни службеници на МИОА и ангажираниот експерт преку ИПА ППФ за 2009 година. Анализата е предуслов за подготовка на Законот за администрација. Преку неа беа согледани предизвиците кои треба да се надминат во новата легислативна рамка.

**Активност 2 – Изготвување на предлог текст на новиот Закон за администрација:** Нацрт текстот на новиот Закон за администрација е изготвен од страна на работната група составена од државни службеници на МИОА и ангажираниот експерт преку ИПА ППФ за 2009 година. Нацрт текстот на новиот Закон за администрација служи како основа за јавни консултации со цел негово подобрување преку вградување на сугестиите од засегнатите страни.

**Приоритет 2 - Ефикасна координација на Програмата за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото на вработување врз основа на заслуги.**

Во рамките на овој приоритет е предвидено да се изработи и воведе методологија за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото за вработување врз основа на заслуги и реалните потреби на институциите. За оваа мерка веќе е формирана работна група која ќе ја подготвува методологијата врз основа на спроведување на анализа на сегашната состојба на вработување на членови на заедниците. Согласно Акциониот план на Патоказот за реализација на приоритетните цели за 2012 година за Пристапниот дијалог на високо ниво, потребно е да изработи анализа на сегашната состојба на вработување на членови на заедниците до 15.06.2012 година и да се изработи и воведе методологијата до 01.09.2012 година.

**Активност 1 – Формирање на работна група со претставници на МИОА и СРД, за изготвување на методологија за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото за вработување врз основа на заслуги:**

Работната група е формирана на 03.05.2012 година со претставници на Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор и Агенцијата за администрација.

### 2.3.2 Цел - Да се подобри управувањето на рамката на административни процедури

Планирано е донесување на нов Закон за општа управна постапка, согласно забелешките добиени од СИГМА во контекст на унапредување на оваа регулатива во насока на креирање граѓански ориентирана јавна администрација.

**Приоритет 1 - Процена на спроведувањето на постојниот Закон за општа управна постапка и развивање мерки, вклучувајќи ја и можноста за изработка**

**на нова рамка за закон со која ќе се решат критичните точки утврдени при процената (вклучувајќи ги и постапките пред Управниот суд):**
Новиот Закон за општата управна постапка се планира да се изработи согласно забелешките добиени од СИГМА во контекст на унапредување на оваа регулатива во насока на креирање на поклиентна, односно граѓански ориентирана јавна администрација. Треба да се земе во предвид дека донесување на нов Закон за општата управна постапка е долг временски процес, кој бара сериозни консултативни активности, како и временски период за усогласување на работата на институциите со новите одредби за управните постапки. Според тоа, Акцискиот план за изготвување на новата законска рамка е усвоен со следната динамика:

- Работна група – 31.08.2012
- Стратегија за донесување на нов ЗОУП – 31.12.2012
- Предлог текст – 31.12.2013
- Јавна расправа и консултации – 31.03.2014
- Усвојување на предлог закон – 31.07.2014
- Vacatio legis – 01.08.2015

### 2.3.3 Цел - Да се продолжи со процесот на децентрализација

Сè уште немаме добиено инпут за идните активности од ресорните министерства за она што треба да биде преземено за понатамошно имплементирање на приоритетите и активностите.

**Приоритет 1 - Преземање мерки за да се овозможи целосно спроведување на Законот за регионален развој од 2008 година**

**Активност 1 – Континуирано обезбедување на финансиски средства од Буџетот на РМ за финансирање на регионалниот развој:**
Во 2012 година во Буџетот на Република Македонија во раздел на Министерството за локална самоуправа беа планирани 109.000.000 денари за промовирање на регионалниот развој. Распределбата на средствата е утврдена во Програмата за рамномерен регионален развој во 2012, објавена во Службен весник на Република Македонија бр.8/12. Од средствата во износ од 70% ќе се финансираат проекти за развој на планските региони кои ги предлагаат Советите за развој на планските региони додека Центрите за развој на планските региони ги подготвуваат и спроведуваат проектите. Останатите 30% од средствата ќе се распределат на општините за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и на селата. Постапката за избор на проекти е во тек.

**Приоритет 2 - Со учество на единиците на локалната самоуправа, подготовка на анализа на финансиската и правна рамка за спроведување на сите пренесени и децентрализирани надлежности.**

**Активност 1 – Влез во втора фаза од фискалната децентрализација:**
Комисијата за следење и евалуација на исполнување на условите за влез во втората фаза на фискална децентрализација на својата 18 седница оцени дека општините Виница, Вранештица, Делчево Желино и Охрид имаат право да влезат втората фаза на фискалната децентрализација. Овие општини почнувајќи од 01.01.2012 се финансираат со блок дотации. Останува уште една општина во прва фаза на децентрализација (Пласница) за која продолжуваат напорите за влез на втора фаза на фискална децентрализација

## 2.4 РЕФОРМА НА ИЗБОРИТЕ

2.4.1 Цел: Да се обезбеди доволна одвоеност на државата од партијата

**Приоритет 1 - Преземање мерки за да се избегнат слобостите на системот наведени во извештаите на Државниот завод за ревизија во однос на ревизијата на политичките партии за 2011 година.**

Во тек се измени на законската регулатива за финансирање на политички партии (Закон за финансирање на политички партии и Изборен закон).

**Приоритет 2** - Проширување на одредбите за известување за финансирање на кампањи за да се предвидат поефективни механизми за ревизија (ОДИХР).

Во тек се измени на Изборниот закон и Законот за финансирање на политички партии.

### 2.4.2 Цел - Да се отстранат пропустите и нејаснотиите во Изборниот законик

**Приоритет 1 - Спречување на конфликт на интереси меѓу извршни владини позиции за кои е потребна независност и оние на кандидатите во трка за политичка предност (ОДИХР, Венециска комисија).**

Во тек се измени и дополнувања на Изборниот закон.

**Приоритет 3 - Проширување на соодветните одредби од Изборниот законик за да се вклучат извршните механизми (ОДИХР).**

Во тек се измени и дополнувања на Изборниот закон

### 2.4.3 Цел - Да се заврши со деталната ревизија и со прегледот на избирачкиот список

**Приоритет 1 - Ревидиран список на починати лица. (ОДИХР)**

РГ ревизија на избирачкиот список одржува состаноци на редовна основа и досега донесени се неколку заклучоци согласно кои

МВР на редовна основа односно секои 30 дена до работната група доставува доставува список на полнолетни лица кои во претходниот месец имаат извадено биометриска лична карта или патна исправа чии податоци се проверуваат со податоците во Избирачкиот список.

МВР исто така доставува и податоци за полнолетни лица кои имаат аплицирано за биометриска лична карта или патна исправа чие издавање е во тек и список на сите полнолетни лица за кои има податоци дека се наоѓаат на привремена работа или престој во странство односно лица кои во постојниот Избирачкиот список се обележани со ѕвездичка.

Исто така беше договорено во списокот на сите полнолетни државјани на Република Македонија (полнолетство до 31.12.2012 година) на соодветен начин да бидат обележани лицата што имаат извадено биометриска лична карта или пасош заклучно со 30.04.2012 година. Покрај ова, работната група се договори да се побара од МВР и посебен документ кој ќе содржи податоци за лицата со наполнети 18 години живот кои се на привремена работа или престој во странство и тоа за лицата родени во периодот од 01.01. 1994 до 31.12.1994 година (лица кои оваа година стануваат полнолетни) и истиот да го достави до Државниот завод за статистика.

МВР бараните податоци на 09.05.2012 ги достави до Државниот завод за статистика кој изврши методолошко-техничка обработка на податоците заради утврдување колку и кои лица кои се евидентирани во Избирачкиот список немаат извадено биометриска лична карта или пасош и наодите ги презентираше на третиот состанок одржан на 29.05.2012 година. Договорено е МВР да ја анализира ново добиената состојба од страна на ДЗС (да се направи анализа на оние лица кои немаат извадено биометриска лична карта или пасош, а се наоѓаат во избирачкиот список – број на лица кои поседуваат неважечки трајни лични карти, кои не направиле никаква статусна или друг вид промена подолг временски период, како „најризична„ група во насока на проверка на починати лица и лица кои се иселени и сл ).

Сите учесници во работната група за проверка на избирачкиот список кои имаат одредени предлози за измена или дополнување на одредбите на Изборниот законик кои се однесуваат на изборачкиот список, да ги доставаат во писмена форма до ДИК најкасно до 15.06.2012. Добиените предлози ДИК ќе ги проследи до раб.група за измени и дополнувања на Изборниот законик.

Имајќи го предвид горе наведеното во иднина ќе се утврдат наредните чекори за преземање активности за проверката на Избирачкиот список.

## 2.5 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ЕКОНОМИЈА

### 2.5.1 Цел - Да се подобри пазарот на трудот и образованието

Високата невработеност е една од клучните предизвици со кои се соочува земјата и намалувањето на стапката на невработеност е еден од приоритетите за Владата на РМ, за што се преземаат низа мерки и активности. Крајната цел е да се постигне ефикасен пазар на труд, подобар образовен систем кој што ќе резултира со формирање на нови работни места и намалување на бројот на невработени.

**Приоритет 1 - Развивање на мерки за зголемување на опсегот на активни мерки на пазарот на труд со цел да се олесни влезот на младите во работни односи.**

Владата на Република Македонија во Националната стратегија за вработување 2015 година, која се усвои во 2011 година, во своите приоритетни цели ја има зацртано и целта за остварување на стапка на вработеност од 55%. Имајќи ја предвид состојбата со невработеноста на младите, предвидено е стапката на вработеност кај младите да изнесува 29% (млади на возраст од 15 до 29 години), односно 17% (за млади од 15 до 24 години). За остварување на поставените цели, а имајќи ја предвид и Иницијативата за можноста на младите на Европската унија за развивање на програми за вработување, образование и вештини за младите и за превземање на национални политики во рамките на националните политики за вработување, се пристапи кон развивање на програми кои ќе ја зголемуваат вработливоста што ќе им помогне поподготвени да влезат на пазарот на трудот, ќе им помогнат да ги зголемат своите професионални вештини, а и ќе потикнуваат и поддржуваат вработување.

Министерството за труд и социјлна политика, во соработка со Министерството за образование и наука, Министерството за економија и други одговорни органи и

институции и социјалните партнери, со поддршка на Меѓународната организација на трудот, подготви нацрт верзија на Национален акциски план за вработување на млади до 2015 година. Главна цел на Акциониот план е намалување на невработеноста на младите, преку побрзо трансформирање од образование кон работа. Во истиот се сублимираат постојните политики за вработување на младите и ќе се предвидат нови политики за периодот до 2015 година.

Во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2012- 2013 година, како оперативен документ, младите се предвидени како посебна целна група и тие можат да бидат вклучени во сите програми. Дел од програмите се наменети исклучиво за младите лица, како што е програмата за практиканство. Со Оперативниот план е предвидено во 2012 година да се опфатат 5,793 невработени лица, за што се обезбедени 498,366,000 денари.
Во 2012 година младите невработени лица ќе бидат поддржани во рамките на следните програми:

**Активност 1 - Програма за самовработување преку доделување на грантови**
Со Програмата за самовработување чија цел е намалување на невработеноста преку започнување на сопствен бизнис, за 2012 година се планира да се опфатат 980 лица од кои 310 млади до 27 годишна возраст. Во планираните активности е предвидено лицата да учествуваат на обуки по што изработуваат бизнис планови, регистрираат претпријатие и добиваат поддршка за набавка на опрема и материјали во износ од 188.000 денари. Согласно искуството од имплементација на програмата во претходните години се очекува над 80% од опфатените корисници да бидат вработени 1 година по самовработувањето, т.е над 75% по 18 месеци.
Од почетокот на годината заклучно со мај се започна со реализација на првиот циклус, при што аплицираа вкупно 2,998 лица (831 млади лица до 27 години). Од апликантите селектирани се 854 лица (197 млади лица) и истите беа упатени на обука. Обуката ја завршија 775 лица (195 млади лица) по што 652 лица (165 млади лица ) доставија бизнис план и од нив 452 лица (124 млади лица) беа подржани со ваучер за изработка на бизнис план во соработка со Агенцијата за поддршка на претпримништвото на РМ, додека 200 лица (41 млади лица) самостојно изработија бизнис план. Во тек е евалуацијата на бизнис плановите, по што ќе се направи селекција, ќе се регистрираат претпријатиијата и истите ќе добиваjат поддршка за набавка на опрема и материјали.
Заклучно со мај 2012 година, за реализација на планираните активности од програмата, трошоците за младите лица изнесуваа приближно 1,833 илјади денари. (обука- 43 лица *1,600 денари= 68,800; обука - 142 лица *2,297 денари= 326,174 денари; и ваучер - 124 лица *11.600 денари= 1,438,400 денари).
Во мај 2012 година се објави Јавен оглас за заинтересирани невработени лица за вториот циклус од програмата. Огласот траеше од 15-31 мај 2012 год.

**Активност 2 - Програма за самовработување со кредитирање**
Со Програмата чија цел е зголемување на вработеноста преку отварање на нови работни места, се обезбедуваат финансиски средства под поволни услови за невработените лица за започнување на бизнис. Враќањето на средствата е со грејс период од една година и каматна стапка од 1% на годишно ниво. Согласно

искуствата од имплементација на програмата во претходните години, се планира над 50% од поддржаните лица по 1 година сеуште да бидат вработени.

Во првиот циклус од Програмата од вкупно 445 пријавени кандидати, 92 (21%) се млади лица до 27 години. Во текот на март 2012 година, Комисиите при Центрите за вработување вршеа увид на лице место на кое кредитобарателот планира да ја врши дејноста и оценување врз основа на утврдени критериуми и предложениот мини бизнис план. Во текот на април Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ ги оцени мини бизнис плановите поднесени од кредитобарателите.

Во текот на мај се одржа седница на Управниот одбор на Проектот на која беа разгледувани поднесените барања и мини бизнис плановите и се одлучи сите мини бизнис планови кои имаат над 65 бода да се одобрат, врз основа на што се одобрени 123 барања на кредити за вработување на 153 лица, од кои 36 се млади лица до 27 години.

Следува потпишување на договори со лицата на кои им е одобрен мини бизнис планот и регистрација на претпријатијата.

**Активност 3 - Програма за субвенционирање на вработување**

Целта на оваа Програма е да обезбеди стимулирање на побарувачката на работна сила и вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот. Програмата се реализира преку обезбедување на финансиска поддршка во период од 6 месеци во износ од 13,000 денари месечно, со обврска работодавачот лицата да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци.

Во 2012 година планирано е со оваа програма да се подржат 600 лица, од кои 310 ќе бидат млади лица на возраст до 27 години. Согласно искуството од имплементација на програмата во претходните години, се планира и се очекува над 70% од подржаните млади лица да бидат вработени по 1 година, односно над 60% по втората година од имплементацијата на програмата.

Во првиот циклус, од вкупно 1,137 пријавени кандидати, склучени се 367 договори за вработување. Од вкупниот број на лица што аплицирале, 328 (29%) се млади до 27 години, со кои се склучени 121 (33%) договори. Средствата за субвенционирање започнаа да се исплатуваат од мај 2012 год. за што се потрошени 1.573.000 денари (121 лице * 13,000 денари). Истите ќе бидат субвенционирани уште 5 месеци.

Во вториот циклус пријавени се вкупно 874 кандидати од кои 260 (30%) се млади лица до 27 години, со кои се склучени 35 договори. Истите ќе почнат да се субвенционираат во наредните 6 месеци започнувајќи од месец јуни.

**Активност 4 - Праграми за практиканство**

а) Програмата за практикантство има за цел да придонесе кон зголемување на вработливоста на младите невработени лица, со што превентивно ќе се делува и се овозможува тие поподготвени да се вклучат на пазарот на трудот.

Со оваа програма планирано е да се обезбеди поддршка за 233 евидентирани невработени млади лица до 27-годишна возраст, за истите да се стекнат со одредени практични знаења и вештини. Лицата ќе работат во реални услови на работно место во период од 3 месеци за што практикантите ќе им се исплаќа по 5,000 денари месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. Согласно искуството од имплементација на програмата во претходните години се планира над 30% од

поддржаните млади лица да бидат вработени по 6 месеци од имплементацијата на програмата.
Планираните активности со оваа програма ќе започнат со распишување на јавен оглас до заинтересирани кандидати и работодавачи.
б) Со Програмата за практиканство без надомест, чија цел е превентивно делување кај студенти и млади невработени лица заради зголемување на нивната вработливост и која се реализира во соработка со УСАИД и со НВО-Моја кариера, се планира да се обезбеди поддршката на 600 студенти и постдипломци, како и евидентирани невработени лица до 33-годишна возраст, за истите да се стекнат со одредени практични знаења и вештини преку обука на работно место во период од 6 месеци. Досега во Програмата беа вклучени 239 лица.

**Активност 5 - Програми за обука (за започнубање на бизнис, обуки за напредни IT вештини, обуки за побарувани занимања на пазарот на труд, обуки за познат работодавач)**

а) Обуката за започнување на бизнис обезбедува обука за различни вештини и техники за започнување и водење на сопствен бизнис. Невработените лица се запознаваат со основите за водење на бизнис, при што добиваат основни информации. Во 2012 година се планира да се опфатат 2,000 лица од кои 1,000 млади лица. Овие обуки се имплементираат во работните клубови при АВРМ и претставуваат дел од редовните активности на Агенцијата. Трошоците за оваа мерка се дел од административните трошоци на Агенцијата за вработување.
Заклучно со мај 2012 година, од вкупно 412 лица, 110, т.е. 27% се млади лица на возраст до 27 години кои ја завршија обуката. Согласно искуството од имплементација на програмата во претходните години, се планира над 20% поддржаните млади лица да бидат вработени по 6 месеци од завршување на обуката.
б) Обуките за напредни IT вештини имаат за цел зголемување на вработливоста на невработените лица преку изучување на напредни IT вештини и добивање на меѓународно признаени сертификати. Обуките ги имплементираат лиценцирани провајдери. Во 2012 година се планира да се опфатат 164 млади лица. Согласно искуството од имплементација на програмата во претходните години, се очекува над 35% од подржаните млади лица да бидат вработени и по 6 месеци од добивањето на сертификатот.
Согласно планираните активности, распишан е јавен оглас за набавка за услуги за обезбедување на обуки за напредни вештини од областа на информатичката технологија. Во наредниот период се планира да биде склучен договор со провајдерите и да се објави јавен оглас до заинтерисираните лица.

в) Обуката за побарувани занимања на пазарот на труд има за цел ја зголеми вработливоста на невработените лица преку обука во средните стручни училишта или институции за образование на возрасни лица во период од 3 месеци и 1 месец практична работа на работно место. На лицата кои се вклучени во обуката, за деновите на обука и кај работодавачите им се обезбедува надомест за покривање на трошоците за храна и превоз во висина од 4,700 денари месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. Исто така и училиштата/институциите добиваат по 32,000 денари по обучено лице. Согласно искуството од имплементација на

програмата во претходните години се планира над 25% од подржаните млади лица да бидат вработени 6 месеци по завршувањето на обуката. Со програмата се планираа да се вклучат 216 лица од кои 80 млади лица.

Од вкупниот број на заинтересирани лица 392 (47%) се млади лица до 27 години, со кои се склучени 7 (3,5%) договори. Вклучените млади лица завршија со обуките во училиштата/институциите, за што се потрошија 322.700 денари (7лица *32.000 денари= 224.000 денари; 7 лица *3 месеци *4.700 денари = 98.700 денари).

Во наредниот период се планира да ја завршат практичната работа кај работодавачот и истите да полагаат завршен испит по што ќе се здобијат со сертификат.

г) Обуките за познат работодавач имаат за цел обука на работно место со вештини блиски на потребите на работодавачот. Подготовката за вработување трае до три месеци, со обврска работодавачот да вработи најмалку 50% од вклучените лица во обуката и да не го намали бројот на вработените на неопределено време во рок од 1 година. Висината на паричната помош на невработено лице, односно работникот вклучен во подготовката изнесува 4.400 денари месечно. Во 2012 се планира да се опфатат 530 лица од кои 300 млади лица. Согласно со обврските на работодавачот се очекува 50% од учесниците да бидат вработени 1 година по одпочнувањe на програмата.

Во тек се подготвителни активности за објавување на јавен оглас до заинтересираните работодавачи и невработени лица по што ќе се посредува и невработените лица ќе ја започнат обуката на работно место кај работодавачите.

**Активност 6 - Проект за поддршка на вработувањето на млади лица, долгорочно невработените и жените - програми за практиканство и обуки**

Проектот „Поддршка за вработување на младите луѓе, долгорочно невработените и жените" е дел од приоритетната оска 1 од Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 (ИПА компонента IV).

Проектот се имплементира како Договор за Директен грант, од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија, во износ од 1.3 милиони евра, во траење од 20 месеци (24.11.2010 – 24.07.2012).

Проектот обезбедува дополнителна вредност при ко-финансирањето на националните активни мерки за вработување и зголемување на опфатот на учесниците кои се поддржани. Имено, проектните активности придонесуваат кон Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување, имплементиран од страна на АВРМ секоја година. Исто така, проектот е надградба врз алатките, искуството, процедурите и форматите применети за имплементација на Оперативниот план. Компонентите во проектот се структуирани слично на кореcподентните програми и мерки од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување.

Еден од начините да се зголеми вработливоста на невработените лица и да се создадат можности за целните групи преку зголемување на нивните специфични вештини, како и да се здобијат со квалификации за специфични професии дефицитарни на пазарот на труд. Воедно, проектот ги адресира трите главни прашања: недостатокот на работно искуство на младите луѓе на возраст до 27 години; недостаток на општи вештини на невработените лица; и недостаток на професионални вештини кои се побаруваат од работодавачите.

Главната цел на проектот е да се интегрираат младите луѓе, долгорочно невработените лица и жените на пазарот на труд.

Специфичната цел на проектот е да се зголеми вработливоста на невработените млади луѓе, долгорочно невработените лица и жените преку зголемување на нивните компетенции (знаење, вештини и однесување).

Проектот преку трите компоненти придонесува кон постугнување на три посебни цели и трите приоритети на насоките: интегрирање на младите луѓе на пазарот на труд; редуцирање и превеннирање на долгорочната невработеност; и зголемување на стапката на невработеност помеѓу жените.

Целите на поединечните компоненти на Проектот и очекуваните резултати се:

Компонента 1 – Практикантство како поддршка за прво вработување на младите луѓе на возраст до 27 години

- да се подобрат перспективите за вработување на младите дипломци, при што се влијае на тековните потреби на пазарот на труд. Особено, невработените лица на возраст до 27 години се вклучени во програмата за практикантство со цел да се стекнат со првото работно искуство.

  *Очекуван резултат:* Подобрени перспективи за вработување за 512 млади дипломци.

Компонента 2 – Обуки за општи вештини

- да се поддржат невработени лица да се стекнат со вештини кои ќе им помогнат да ја подобрат нивната конкурентност на пазарот на труд.

  *Очекуван резултат:* 6,600 невработени лица да стекнат општи вештини, т.е. 3,000 невработени лица да се стекнат со вештини за јазици; 3,000 невработени лица да се обучат за компјутерски вештини; 250 невработени лица да се обучат за претприемништво и 350 невработени лица за комуникациски вештини.

  Обуките за општи вештини се дизајнирани да им помогнат на невработените лица значајно да ја подобрат нивната конкурентност на пазарот на труд, а со тоа и зголемување на нивните можност за наоѓање работа.

Компонента 3 – Обуки за вештини дефицитарни за пазарот на труд

- да се обучат долгорочно невработените лица за професионални вештини дефицитарни на пазарот на труд.

  *Очекуван резултат:* 820 долгорочно невработени лица да се стекнат со професионални вештини на пазарот на труд (88 лица да стекнат вештини за електро инсталатери и монтери; 19 лица да се обучат за механтронички системи; 36 лица да се обучат за механтронички системи за лесни возила; 379 лица да се обучат за сметководства; 69 лица да се обучат за угостителски услуги; 60 лица да се обучат за заварувачи; 36 лица да се обучат за градежни работници; и 133 лица да се обучат за компјутерски програми).

Постигнати резултати во реализацијата на проектот (податоци согласно времениот Извештај од Проектот, од 14.06.2012 год ) :

- Компонента 1 - во текот на првиот циклус, 194 практиканти поминаа низ практична работа во 139 претпријатија и во текот на вториот циклус кој е во тек, 242 практиканти се вклучени во 157 претријатија. Сите 436 практиканти вклучени во практикантство се млади лица на возраст до 27 години;

- Компонента 2 - обуките за општи вештини тековно се спроведуваат и во нив се вклучени 4,430 лица, од кои 1,601 лица (36.1%) се млади лица на возраст до 27 години;
- Компонента 3 - обуките за вештини дефицитарни занимања на пазарот на труд се одвиваат тековно и во нив се вклучени 506 лица, од кои 113 лица (22.3%) се млади лица на возраст до 27 години;
- Севкупно, активностите на проектот вклучуваат 5,372 невработени лица, од кои 2,150 лица (40%) се млади лица на возраст до 27 години;
- Поради одредени заштеди во рамки на компонентите, иницирано е барање за продолжување на времетраењето на проектот.

**Активност 7 - Утврдување на содржината на Проектот за поддршка на вработувањето на млади лица-втора фаза (IPA компонента 4), со проширување на опфатот на млади лица**

Започната е подготовката на проектот „Поддршка на вработуваањето на младите, жените и долгорочно невработените" (втор директен грант на Агенцијата за вработување на РМ во рамките на ИПА компонента 4). Беа одржани неколку работни состаноци со Агенцијата за вработување за да се утврди кои видови на мерки од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување на Владата на РМ, можат да бидат финансирани со вториот директен грант.

Беше договорено, некои од мерките имплементирани во рамките на првиот директен грант, да бидат ии понатаму поддржани и преку вториот директен грант, како што се практиканството за млади и обуките за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот.

Поддршка за обуки за познат работодавач ќе биде воведена за првпат во вториот директен грант. Исто така, сеуште се разгледуваат и можностите за вклучување и на дополнителни мерки (како што се гранотви за самовработување или субвенционирање на вработувањето) или други помали пилот мерки.

Врз основа на досегашното искуство и научени лекции со имплементацијата на првиот директен грант, се врши и дополнително прилагодување и допрецизирање на постоечките мерки, во однос на критериумите за таргетирање на невработените лица и начинот на спроведувањето на мерките во рамките на вториот директен грант. Се очекува проектот да трае најмалку 28 месеци.

Првиот нацрт на проектниот концепт за вториот директен грант (образец за дефинирање на операција) заедно со буџетот се планира да се подготват до крајот на јуни 2012 година. Во моментот кога проектниот концепт ќе се договори и одобри од страна на Делегацијата на ЕУ, ќе се започне со редовната постапка за доделување на директен грант на инстутуција од јавен карактер согласно со Практичните насоки за постапките за склучување договори за надворешни активности на ЕУ.

**Активност 8 - Подготовка на Национален акциски план за вработување на млади**

Формирана е работна група од претставници на релевантни институции и социјални партнери кои учествуваат во подготовката на Акцискиот план.

Кон крајот на мај 2012, членовите на работната група, со поддршка обезбедена од страна на МОТ, учествуваа на еднонеделна работилница за подготовка на Акцискиот план.

Првичната верзија на Акцискиот план за вработување на млади 2012-2015 е подготвена и во тек се дополнителни консултации за негово финализирање.

**Приоритет 2 - Продолжување на анализата и намалување на стапката на придонесите**

Активностите кои се предвидени во Патоказот, а кои се однесуваат на намалување на стапката на придонесите се предвидени како среднорочни приоритети, имајќи предвид финансиските импликации од нивното спроведување. Со цел дополнително намалување на трошоците на работодавачот и даночното оптоварување на работната сила,, а истовремено и непречено сервисирање на обврските кон осигурениците се предвидува стапките на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување да се намалат во 2014 и 2105, на 17,6% и 17,5%, соодветно.

**Приоритет 3 - Зајакнување на регистрацијата на невработени со цел да се добие една општа и пореална слика на пазарот на труд и реалната невработеност.**

Во врска со овој приоритет за зајкнување на евиденцијата на невработените лица, Патоказот предвидува две законодавни активности, кои имаат за цел обезбедување на правна рамка за воведување на измени и подобрувања во делот на евидентирањето на невработените лица во Агенцијата за вработување на РМ. Суштината на измените на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност е принципот на „взаемна одговорност", на Агенцијата за вработување и невработените лица. Тоа е принцип кој е во сржта на политиките за вработување на сите земји од ЕУ. Се применува во ЕУ од 1997 година, врз основа на т.н. Луксембуршки насоки за вработување. Според овие принципи, јавните институции имаат обврска да им помагаат на невработените лица во наоѓање на работа, додека пак невработените лица за возврат имаат обврска активно да бараат работа и да учествуваат во сите понудени (соодветни) обуки, активности или вработување. Со измените на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, овој принцип ќе биде вклучен и во политиката за вработување на Република Македонија.

Со измените и дополнувањата на Законот за вработување и осугурување во случај на невработеност, кои се однесуваат на евиденциите на невработените, ќе се воведат измени во водењето, условите и начинот на евидентирање на невработените лица како и во користењето на оваа евиенција, со цел да се обезбедат подобри, поквалитетни и поефикасни услуги за невработените.

Имено, со законските измени ќе се создаде основа за воспоставување на две евиденции во рамките на Агенцијата за вработување, т.е. евиденција на невработени лица кои активно бараат работа и евиденција на други лица кои се евидентираат во Агенцијата.

Овие измени ќе овозможат утврдување на пореална бројка на невработени лица кои активно бараат работа, а исто така ќе овозможат и полесно и побрзо идентификување на специфичните видови на услуги кои им се потребни на лицата кои се евидентирани во Агенцијата за вработување, врз основа на предходно подготвениот (и потпишан од страна на АВРМ и невработеното лице) индивидуален план за вработување. Со ова ќе се овозможи и подобро таргетирање на активните програми за вработување и нивно насочување кон

лицата кои активно браат работа, а со тоа обезбедувајќи поголема ефективност на програмите и поголема ефикасност во користењето на алоцираните ресурси.

Во согласност со планираните законски измени и дополнувања, за оние лица евидентирани во АВРМ кои активно не бараат работа, Агенцијата за вработување и понатаму ќе продолжи да обезбедува квалитетни информации за побарувачката од работна сила и ќе ги извршува потребните услуги за посредување при вработување, според нивните потреби.

Со предложените законските решенија и измени, Република Македонија ќе добие квалитетно и современо законодавство, кое одговара на постојната состојба на пазарот на труд и кое ќе обезбеди рамка за зголемување на квалитетот на услугите на Агенцијата за вработување, со единствена цел – да им се помогне на невработените лица да најдат работа, а на компаниите со слободни работни места, да најдат соодветни работници.

Покрај тоа, законските измени ќе обезбедат поквалитетни услуги кон невработените и активностите и средствата да се насочат кон оние лица на кои им се потребни.

Втората законодавна активност која е предвидена во Патоказот, е изготвувањето на измени и дополнувања на Законот за евиденциите од областа на трудот, како и измените на соодветниот подзаконски акт, т.е. Правилникот за водење на евиденциите од областа на трудот. Овие измени на законски и подзаконски акти се во функција на усогласување со предходно објаснетите измени на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Во овој дел, особено е важно да се спомене и Проектот за „Понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување на РМ", кој тековно се имплементира во рамките на ИПА Компонентата 4. Имплементацијата на овој проект е започната на 9 јануари 2012 година и ќе се одвива во времетраење од 18 месеци.

Основната цел на овој Проект е да овозможи подобрување на кавалитетот, ефективноста и ефикасноста на услугите кои за барателите на работа и за работодавачите ги обезбедува Агенцијата за вработување на РМ.

Се очекува дека преку бројните активности за зајкнување на капацитетите кои ќе бидат имплементирани во рамките на овој Проект, ќе се реализираат и поддржат неопходните промени, реформи и модернизација на процедурите и работењето на Агенцијата за вработување на Република Македонија, во функција на обезбедување на подобри услуги кон своите клиенти и исто така, во функција на поддршка и на предходно споменатите законски измени насочени кон подобрување на евиденцијата на невработените лица.

**Активност 1 - Усвојување на Закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност**

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност е усвоен од страна на Владата на РМ на 68 седница (12.6.2012) и истиот е доставен во Собранието на РМ на разгледување и усвојување. На 19.06.2012 година закажана е седница на Комисијата за труд и социјала политика, на која на дневен ред е ставен предлог-законот (прво читање во Собранието на Република Македонија).

**Активност 2 - Изменување и дополнување на Законот за евиденциите од областа на трудот и усвојување на Правилникот за водење на евиденциите во областа на трудот**

Измените и дополнувањата на Законот за евиденциите од областа на трудот и усвојување на Правилникот за водење на евиденциите во областа на трудот ќе бидат во насока на усогласување со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност. Измените и дополнувањата ќе се реализираат по усвојувањето на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

**Приоритет 4 - План за зголемување на средствата кои се доделени за образование, со фокус на предучилишно образование и учество на возрасни во доживотно учење**

**Активност 1 - Анализа за позитивните влијанија на пилот проектот за Рана социјализација во 7 општини во Република Македонија**

Истражувањето на тема „Позитивни влијанија на воспитно-образовната работа во детските градинки врз успехот на учениците во совладување на наставните програми во прво одделение" се реализира во седум општини од Република Македонија. Во тек е обработката на податоците и пишување на извештај. Согласно планираниот рок, информација за резултатите од истражувањето ќе биде доставена до Владата на Република Македонија до 31.8.2012 година.

Во првата седмица од септември 2012 година, Владата на Република Македонија ќе разгледа Информација за резултатите од Истражувањето и ќе усвои заклучоци базирани на резултатите и препораките од Истражувањето. Во тие рамки, ќе се дефинира динамиката на натамошните активности и потребните финансиски средства за: подготовка на програма за воспитно-образовната работа во подготвителната година за јавните детски градинки, точна бројка за ангажирање на соодветен кадар за реализација на пилот проектот за Рана социјализација и за подобрување на инфраструктурата за реализација на воспитно-образовната работа. Согласно заклучоците на Владата, Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика ќе планираат соодветни средства за реализација на активностите што се во нивна надлежност, во текот на 2012 и 2013 година.

**Активност 2 - Организирање на настава за средно стручно образование за лица со завршено основно образование, во 7 општини во Република Македонија**

Во Општина Арачиново првата генерација од 107 учесници го заврши полагањето на испити, а учесниците од втората генерација завршија прва година. Објавен е Конкурс за избор на установи за реализација на настава во Општина Чаир, а во тек е изготвување на анализа за потребите на Општина Прилеп.

Од 140 запишани кандидати од првата генерација во Арачиново, програмата ја завршија 107 слушатели. Активностите се реализирани со средства од буџетот на Центарот за образование на возрасни.

Првата генерација во Општина Арачиново успешно ја заврши четиригодишната програма за средно стручно образование (трговска струка, техничар за трговија и маркетинг).

**Активност 3 - Организирање на обуки за стекнување на знаења, вештини, способности и компетенции за возрасни лица**

Носител на активноста е Агенцијата за вработување. Агенцијата изготви Акциски план за реализација на активноста. Во тие рамки, планирани се и финансиски средства за организирање на обуките.

**Активност 4 - Развој на општински центри за развој на човечки ресурси преку обука на советници за кариерен развој во општини во Република Македонија**

Во тек се подготовки за обуката на советници за кариерен развој во општини од Република Македонија, што ќе се изведува и финансира со средства од тековниот ИПА твивинг проект „Поддршка за градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасните, развој на програми за образование на возрасни и програми за описменување и за дооформување на основното образование на исклучените лица“. Обуките ќе започнат во декември 2012 година

**Активност 5 - Зголемување на компетенциите на наставниот кадар за возрасни преку организирање на андрагошка обука за наставници и обучувачи**

Во тек се подготивки за реализација на активностите што ќе започнат во јули 2012 година, во рамките на ИПА твининг проектот „Поддршка за градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасните, развој на програми за образование на возрасни и програми за описменување и за дооформување на основното образование на исклучените лица“.

**Активност 6 - Промоција на образованието на возрасните и културата на учење преку организирање на кампања за доживотно учење**

Во тек се подготвителни активности за одржување на манифестацијата, која ќе се одржи на 31-ви октомври 2012 година, во соработка со ДВВ Интернационал. Средства за организирање на кампањата за доживотно учење ќе обезбеди ДВВ Интернационал.

**Приоритет 5 - Отпочнување на студија за понуда и побарувачка на работна сила во земјата со цел да се утврдат основните причини за високата и постојана нерамнотежа на пазарот на трудот – со Светска Банка.**

**Активност 1 - Отпочнување на анализа/студија за работната сила, со препораки за подобрување на состојбите на пазарот на трудот и подобрување на методологијата за утврдување на реалната невработеност во Република Македонија.**

Анализата, т.е. студијата за пазарот на труд во Република Македонија, која се спроведува во соработка со Светска банка е отпочната и се одвива во согласност со утврдената временска рамка за реализирање на предвидените активности.

Во рамките на оваа студија, се очекува да се подготват повеќе специфични анализи, меѓу кои :

- анализа на сивата економија (вклучувајќи ја и неформалната вработеност) со посебен осврт кон „сивите зони на пазарот на труд", проблемите кои се однесуваат на секторите во кои е најевидентен ангажманот на непријавени работници, анализа на мотивите на работодавачите кои не ги пријавуваат работниците, како и мотивите на работниците кои прифаќаат непријавено

ангажирање, профил на работниците кои работат во неформалниот сектор и условите во кои тие работат;

- анализа за поврзаноста помеѓу образовниот систем и пазарот на труд во Република Македонија, која ќе опфати и истражување на вештините кои се барани од страна на компаниите ;
- анализа на состојбата на пазарот на труд според полот, со истражување на причините за високата неактивност на пазарот на труд и ниска стапка на вработеност кај жените во Република Македонија;
- структурна анализа на методите, стандардите и правната уреденост на категоријата „самовработени лица", со анализа на образовните центри, постоечките образовни профили и нивната усогласеност со потребите на работодавачите на пазарот на труд, како и приказ на краткорочни, среднорочни и долгорочни мерки за подобрување на состојбите.

Резултатите од овие анализи кои ќе содржат и конкретни препораки за подобрување на состојбите на пазарот на труд во Република Македонија, ќе се употребат како основа за развој на релевантни акциони планови на Владата, вклучително и Акциониот план за намалување на сивата економија 2013.

### 2.5.2 Цел: Да се подобри деловната средина

**Приоритет 1 - Постигнување на договор за сеопфатен пристап кон исполнување на економските критериуми и акцискиот план кон постигнување на ФПЕ (Функционална пазарна економија)**

Во изминатиот период Владата на Република Македонија презема значителни напори со цел подобрување на бизнис средината и понатамошно исполнување на економските критериуми за членство во ЕУ. Во текот на извештајниот период континуирано се имплементираа активностите кои се однесуваат на исполнување на економските критериуми. Во таа насока беше подготвена Претпристапната економска програма, која претставува официјален механизам на консултирање на економските реформи со сите засегнати страни. Истата претставува и сеопфатна рамка за исполнувањето на економските критериуми и значајна алатка во претпристапниот процес. Дополнително во насока на постигнување на консензус и обезбедување на дијалог со засегнатите страни реактивирано е трипартитното тело (Национален совет за претприемништво и конкурентност) каде се одржува дијалог помеѓу јавниот и приватниот сектор и претставници од академијата. Во рамките на Владата Формирано е посебно тело - Економски совет каде се дискутираат тековни економски политики, идни чекори за подобрување на економските состојби а во кој членуваат високи претставници на повеќе институции и многу често по потреба се повикуваат претставници на сите релевантни економски чинители.

**Приоритет 2- Продолжување со намалување на бариерите за излез од пазарот (справување со стечајни постапки на трговските друштва што се неактивни подолг период).**

И покрај преземените мерки за намалување на времетраењето на стечајните процедури и намалување на бариерите за излез од пазарот предвидени се дополнителни измени на Законот за трговски друштва како и автоматско

бришење на трговките друштва од трговскиот регистар кои не се активни подолг период.

**Активност 1- Донесување на Закон за измена и дополнување на Законот за трговски друштва во насока на воведување електронска постапка преку едношалтерскиот систем за автоматско бришење од трговскиот регистар на трговските друштва кои не се активни подолг временски период**

Предложените измени на Законот за трговски друштва се подготвени и се очекува да влезат во владина процедура. Со измените се предвидува Централниот регистар автоматски ќе ги избрише од Регистарот на компании оние компании кои не поднеле годишен извештај за три последователни години. Доверителите ќе можат да иницираат стечај и членовите на овие компании ќе можат да покренат ликвидација во многу краток рок пред бришењето на Регистарот.

**Активност 2- Имплементирано електронско спроведување на автоматско бришење од трговскиот регистар на трговските друштва кои не се активни подолг временски период**

Со оваа активност се предвидува да се подготви преглед на неактивни трговски друштва кои треба да се избришат од трговскиот регистар и истото ќе се имплементира со влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

**Приоритет 3- Ажурирање и одржување на сеопфатен прирачник за инвеститори. Тој треба да опфати резултати од ИПА проектот за едношалтерски систем за лиценци, издавање дозволи и овластувања.**

Водичот за инвеститори е подготвен и испечатен и истиот се користи како промотивен материјал на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот.

**Приоритет 4- Развој на мерки за да се обезбеди целосно спроведување на законодавството за исплата на долгови (враќање на ДДВ, исплата на обврски кон јавни договори) од страна на јавни институции**

**Приоритет 5- Рационализирање (поедноставување) на постапките за издавање на работни дозволи за странци.**

**Активност 1 - Усвојување на Закон за изменување и дополнување на Закон за вработување и работа на странци**

**Активност 2 - Измени и дополнувња на Правилникот за постапките за издавање на работни дозволи и формата и содржината на посебните видови на работни дозволи**

**Активност 3 - Анализа на релевантните ЕУ Директиви и можностите за нивно транспонирање во делот кој се однесува на Законот за вработување и работа на странци**

Во досегашната примена на Законот за вработување и работа на странци имаше конкретна иницијатива, односно барања од работодавачите и странци вработени во Република Македонија, постапката за добивање на работна дозвола да може да отпочне и да заврши во рамки на државата, поради спецификите на работните обврски кои истите ги имаат во рамки на компаниите присутни на пазарот во Република Македонија.

Со цел олеснување на постапката и имајќи ги предвид потребите на бизнис секторот, Министерството за труд и социјална политика изготви измени и дополнувања на Законот за вработување и работа на странци кои се одобрени од страна на Владата на Република Македонија и во моментот се во процедура на одобрување од страна на Собранието на РМ.

Со измените и дополнувањата на Законот за вработување и работа на странци се врши олеснување на постапката за добивање на дозвола за вработува или работа на странец, при што се врши поедноставување на процедурите за странец кој ќе извршува посебни задачи во рамки на компаниите присутни на пазарот во Република Македонија, односно се дава можност во одредени случаеви барањето и добивањето на работната дозвола која се издава по прв пат да отпочне и да заврши во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Согласно предвидената динамика, по усвојување на Законот за вработување и работа на странци, ќе следува и измена и дополнувња на Правилникот за постапките за издавање на работни дозволи и формата и содржината на посебните видови на работни дозволи, која активност ќе се реализира најдоцна до 30.09.2012 година.

Во наредниот период исто така следи процес на анализа на Директивата бр.2009/50/ЕЕЗ на Советот од 25 мај 2009 година за условите за влез и престој на државјани на трети земји за целите на вработување на високо квалификуван кадар, Директива 2011/98/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година за единствена постапка за барање за единствена дозвола за државјани на трети земји за да престојуваат и работат на територијата на земја-членка и за заеднички правила за работници на трети земји кои законски престојуваат во земја-членка, со цел делумно транспонирање на истите во Законот за вработување и работа на странци.

### 2.5.3 Цел: Да се зајакне креирањето на економската политика и нејзино спроведување

**Приоритет 1 - Усогласување на секторското законодавство со ново изменетиот Закон за концесии**

**Активност 1 – Информација со предлог заклучоци и упатства до сите министерства да извршат анализа на посебните закони со кои се уредува материја на концесии и ЈПП и да започнат подготовка на нивни измени со цел усогласување со новиот закон за концесии и ЈПП**

Владата на Република Македонија на седница, одржана на 16.06.2012 година, ја усвои Информацијата со предлог заклучоци и упатства до ресорните министерства за усогласување на секторското законодавство со новиот Закон за концесии и јавно приватно партнерство. Подготвена е листата на специјални закони кои треба да ги усогласат ресорните министерства согласно упатствата од СИГМА.

**Активност 2 - Донесување на предлог закони за измена и дополнување на законите кои уредуваат давање на концесии на добра од општ интерес и давање договори за јавно приватно партнерство**

Согласно Акцискиот план со СИГМА се очекува дека напредокот во донесувањето на законите кои ќе бидат усогласени со Законот за концесии и ЈПП ќе започне од јули 2012.

**Приоритет 2 : Зајакнување на буџетската независност на МАПАС.**

Активност 1 - Усвојување на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Активност 2 - Именување на Совет на експерти од страна на Собранието на РМ како раководен орган на МАПАС, со што ќе се воспостави оперативна независност на ова регулаторно тело

Деветгодишното опстојување со постојното законско решение ја оформи и издигна Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) во подготвена супервизорска и регулаторна институција, гледано од оперативен аспект. Имајќи ја во предвид сегашната поставеност на Агенцијата постигната е нејзина делумна независност.

Од 2011 година Агенцијата располага со сопствена буџетска сметка, но годишниот финансискиот план и извештајот за своето работење за претходната година го доставува на согласност на Владата на Република Македонија.

*Во насока на воспоставување на оперативна независниот на ова регулаторно тело а истовремено и постапување по забелешките дадени во Извештајот за напредокот на РМ во процесот на пристапување кон ЕУ, подготвени се и се предлагаат <u>измени и дополнувања на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување</u>. Овие измени и дополнувања се во насока на менување на поставеноста на Агенцијата односно статусот, одговорноста за работењето, самостојност и независност, како и за надзорот над работењето на Агенцијата, кои од надлежност на извршната власт т.е Владата на Република Македонија и ресорното Министерство за труд и социјална политика ќе се пренесат во надлежност на законодавната власт т.е Собранието на Република Македонија.*

*Предлог-Законот е предложен од Владата на Република Македонија и доставен до Собранието на Република Македонија на почетокот на април 2012 година.*
*Предложените измени и дополнувања сеуште се во собраниска постапка, односно на комисиска расправа – второ читање.*

**Приоритет 3 - Зајакнување на административниот капацитет во секој регулаторен орган за транспорт**

Со цел зајакнување на административните капацитети во регулаторните тела Агенцијата за цивилно воздухопловство на 30 Април 2012 година објави оглас за потреба од вработување на работници за следните работни места:

1. Советник за дозволи - уверенија за персонал за воздухопловно - технички персонал, ЦНС персонал и персонал на аеродромски служби и школски центри за нивна обука
2. Шеф на Отсек за воздухопловна медицина
3. Советник за акциони планови за ЕУ и ЕУРОКОНТРОЛ

4. Советник/инспектор за пловидбеност и техничко одржување
5. Советник за финансиско сметководствени работи
6. Советник/Инспектор за летачки операции (воздушен превоз)

Постапката за вработување е во тек и истата ќе се спроведе според рокот кој е планиран за оваа активност.
Со административното зајакнвување ќе биде зајакнато остварувањето на функциите на регулаторот. Во моментот регулаторот има 62 вработени. Надлежностите на Агенцијата за цивилно воздухопловство се утврдени во член 7-б од Законот за воздухопловство.Според правилникот за систематизација на работните места се воспоставени следните одделенија во агенцијата:

- Одделение за меѓународни и правни работи
- Одделение за сигурност и безбедност во воздухопловната навигација
- Одделение за сигурност и безбедност на летање
- Одделение за сигурност и безбедност на аеродроми и заштита на права на патници

Приоритет 4- Зајакнување на врската помеѓу стратешкото креирање на политики и годишно буџетско планирање, притоа да се внимава да се доделат буџетски средства за спроведување на тековни стратегии.

По однос на овој приоритет Министерството за финансии во соработка со Генералниот секретаријат на ВРМ подготви анализа на одредбите од Законот за буџети во насока на зајакнување на врската меѓу процесот на буџетското и стратешкото планирање и во фаза на изработка на Информација за анализа со која ќе се извести Владата на РМ за согледувањата и потребата од дополнително изменување и дополнување на овој Закон.

## 3. АКТИВНОСТИ КОИ ОСТАНУВА ДА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ПО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

- ✓ Следни чекори (реализација на активности од Патоказот, рок на реализација , можност за скратување на рокови или можни одложувања на рокови по одредени активности);
- ✓ Дополнителни активности кои ќе бидат реализирани со временска рамка вклучувајќи и планирани активности по однос на реформските цели за кои не беа развиени активности во Патоказот
- ✓ Очекувани резултати

## 3.1 МЕДИУМИ: СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

3.1.1 Цел: Да се измени и дополни законодавство за клевета, да се подобри судска пракса и да се зајакнат професионалните стандарди

По однос на предлог–Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета се предвидува одржување на тркалезни маси на кои ќе се дискутираат одредбите на истиот во поширок состав .

Ќе продолжи дијалогот меѓу преставниците на новинарите и работната група за медиуми на Владата во врска со разговорите за правата од работен однос на новинарите и дефинирање на професионални стандарди за вршење на новинарската професија.

Ќе се продолжи со обезбедување на посебни обуки за примена на член 10 од ЕПЧП за сите судии што водат случаи на клевета и вклучување на темата во наставната програма на Академијата за обука на судии и јавни обвинители (АОСО). Според Каталогот за задолжителна обука на АСЈО, до крајот на јуни на 2012 г планирано е да се одржи уште 1 обука, финансирана од буџетот на АСЈО (околу 17.000,00 денари), а до крајот на 2012 год. планирани се уште 6 обуки, и тоа: 3 обуки на тема „Член 10 од ЕКЧП" кои АСЈО ги организира во соработка со Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, Здружението на судии на РМ и Здружението на новинари на РМ , 1 обука на тема „Пракса на ЕСЧП за правото на слобода на изразување"и 2 обуки на тема „Кривични дела против честа и угледот",во организација на АСЈО. Обуките ќе бидат финансирани од буџетот на АСЈО (околу 102.000,00 денари).

Согласно воспоставениот систем за контрола за квалитетот на обуки, АСЈО во период од 6 месеци, по завршувањето на обуките, ќе спроведе евалуација за да ги оцени ефектите од спроведените обуки во врска со примената на член 10 од ЕКЧП, во секојдневната практична работа на судиите и обвинителите.

Согласно воспоставената практика за преведување и објавување на релевантни пресуди на Европскиот суд за човекови права што се однесуваат на член 10, вклучувајќи и анализа на стандарди и препораки што произлегуваат од нив, преостанува да се изврши преводот на уште 25 пресуди заклучно со септември 2012.

Исто така ќе се продолжи со праксата на објавување на преведените пресуди на линкови, на веб страните на АСЈО и МП.

Се очекува финализирање на Анализата на стандарите содржани во пресудите и подготовка на препораки за стандардите и најдобрите пракси по однос на слободата на изразување, особено по однос на случаи на клевета.

3.1.2 Цел: Советот за радиодифузија да ја подобри примената на прописи на сопствеништво во медиумите и изменување и дополнување на законодавството

Советот за радиодифузија ќе продолжи да ја следи примена на одредбите од Законот за радиодифузната дејност во врска со правилата за конфликт на интереси. Сите радиодифузери во Република Македонија се задолжени до крајот на септември 2012 да го усогласат своето работење со одредбите содржани во Законот за радиодифузната дејност. Доколку во утврдениот рок не постапат по наведеното задолжување, Советот за радиодифузија, согласно своите законски овластувања ќе иницира постапка за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност.

Се очекува носење на измени на законската легислатива од областа на медиумите со кои ќе се допрецизираат одредбите кои се однесуваат на заштита на медиумскиот плурализам, разновидноста и јавноста на работата на радиодифузерите (членови 13-20 од Законот за радиодифузната дејност. Дополнително, истите потребно е да ги допрецизираат одредбите кои се однесуваат на обврските и одговорностите на Советот за радиодифузија, неговите членови и нивната одговорност доколку не ги исполнат своите обврски.

3.2 Владеење на правото и фундаментални права

3.2.1 Цел: Да се подобри ефикасноста на правосудството

Преземање на активности за развој на софтвер за судска статистика за да се овозможи соодветно спроведување на Методологијата за судска статистика од 2011 година и да се започне со систематско собирање/анализа на податоци во однос на квалитет и брзина на правосудство (на пр., просечно времетраење на судски постапки, број на одбиени жалби, итн.)

До крајот на оваа година ќе се надгради постоечкиот АКМИС преку развивање и инсталирање нов софтвер со цел да се обезбеди прибирање на податоци утврдени во Методологијата. По инсталирањето на софтверот истиот ќе биде тестиран во рок од два месеци и во кој период ќе се спроведе и обука за корисниците.Индикаторите од Методологијата за судска статистика, се очекува да бидат целосно применувани до март 2013 год. по изготвувањето на софтверската апликација, нејзино тестирање, инсталирање и обука, по што ќе може да се собираат, обработуваат и генерираат статистички податоци од судовите, а за сите овие активности утврдени се најоптимални рокови за реализација во Патоказот.

Намалување на нерешените случаи во Врховниот суд, Управниот суд и Апелационите судови.

Се очекува до утврдениот рок (јули 2012 година) да се постигне 15% намалување на заостатокот на предмети за Апелациониот суд Скопје и Управниот суд. Намалување на заостатокот на предмети во Врховен суд од 15% до 20% за период од три месеци се очекува да биде постигнат во јули 2012 година. Соглано добиените податоци понатаму ќе бидат развиени предлози за намалување на заостатокот на предмети.

Дефинирање и усвојување на начини за номинирање на извршители подеднакво низ земјата

Се планира во текот на јуни и септември да се одржат уште две испитни сесии по однос на извршителски места

Подобрување на инфраструктурата и опремата на Јавното обвинителство.

Изградбата на зградата на ЈОРМ ќе заврши во август 2012 г, додека целосна функционалност ќе се обезбеди во март 2013 година. На среден рок ќе се обезбеди специјализирана опрема во Истражниот центар во ОЈО за организиран криминал и корупција преку ИПА 2009 проект „Поддршка во имплементација на реформата на кривично правниот систем. Заради натамошно јакнење на капацитетите на ОЈО за организиран криминал и корупција, согласно новите задолженија од ЗКП во наредниот период ќе се изберат уште 4 јавни обвинители , а воедно ќе се изврши доекипирање со 16 стручни соработници. ќе се изврши доекипирање со 16 стручни соработници.

### 3.2.2 Цел: Да се подобри квалитет на правосудство и независноста на судството

Обезбедување на назначувања во судството целосно врз основа на заслуги на сите нивоа со укинување на преодните одредби за назначување на нови судии од АОСО и забрзување на примената на новите професионални услови за судии од повисок степен (Закон за судовите).

Ќе се продолжи со напорите за избор на кандидатите кои ја завршиле почетанта обука во АСЈО согласно Плановите за избор на ССРМ и СЈО. Измените на Законот за судови се очекува да бидат усвоени од страна на Собранието во наредниот период и примената на одредбите да започне од 01.01.2013 година.

Навремено спроведување на стратегијата од 2011 година за број на судии и обвинители и обезбедување на навремен прием на студенти на АОСО за академската 2012/13 година.

По примето на слушатели за почетна обука, се очекува теоретската обука за започне во септември 2012 година.

Анализа и евалуација на правните одредби кои се однесуваат на дисциплинска постапка и разрешување на судии и обвинители.

На 03.05.2012 г. доставена е апликација за TAIEX експертска помош во врска со одредбите кои се однесуваат на дисциплинска постапка и разрешување на судии. Истата е одобрена и ќе се реализира на 25 и 26 јуни 2012 год. во рамки на која е предвидено да се остварат работни средби со претставници од МП, ССРМ, Врховен суд.

### 3.2.3 Цел: Да се зајакнат антикорупциските мерки и нивна проверлива примена

Измена и дополнување на Законот за судир на интереси и на подзаконските акти со кои се утврдува постапка за систематска проверка на содржина на изјавите (во насока на тоа што беше направено за анкетните листови).

Согласно усвоениот План и динамика на проверка на претходно поднесените изјави за интереси на избраните и именувани лица, заклучно со II квартал (април-јуни) 2012г. ќе се провери содржината на изјавите за интереси на службените лица од законодавната власт и службените лица избрани и именувани од Собранието на РМ вклучувајќи ги и членовите од Владата на РМ. Додека во III и IV квартал (јули - декември) ќе се проверат изјавите за интереси на службените лица од локалната власт. Врз основа на утврдените наоди ќе се изготват периодични извештаи. Согласно изготвениот План за 2-от квартал за проверка на поднесените изјави за интереси во овој период се врши проверка на изјавите за интереси поднесени од службените лица од законодавната власт.

Обезбедување на целосна усогласеност со Законот за финансирање на политички партии (односно целосен надзор и ревизија од страна на ДЗР - Државен завод за ревизија).

Се планира усвојување на измените на Изборниот законик и Законот за финансирање на политички партии.

### 3.2.4 Цел: Да се зголеми ефикасноста и транспарентноста при управувањето со истражната техника на следење на комуникациите

Измена на соодветното законодавство за посебни истражни мерки, вклучително и во однос на укинување на улогата на министерот за внатрешни работи при одобрување на посебни истражни мерки.

Ќе се работи на усогласување на измените и дополнувања на Законот за следење на комуникации согласно препораките и коментарите добиени во рамки на техничкиот состанок со експерти на ЕК, по што истиот ќе биде пуштен во процедура.

### 3.2.5 Цел: Да се подобри дијалог меѓу заедниците

Во периодот што следи ќе биде подготвен Извештајот по однос на состојбата за имплементација на сите политики кои произлегуваат од охридскиот рамковен договор. Истиот ќе биде преведен и достапен на три јазика : македонски, албански и англиски.

Ќе биде изработен преглед на најновиот статус на имплементација на Акцискиот план произлезен од состанокот на инклузија на Роми и Роми бегалци и доставен до Владата на РМ во текот на август 2012 година.

Дополнително, ќе бидат одржувани технички состаноци на работната група[4] задолжена за организација на семинарите за инклузија на Роми и Роми бегалци со претставниците на ресорните министерства во насока на подготовка и организација на третиот состанок предвиден за септември 2012 година

Ќе продолжи имплементацијата на проектот за вклучување на деца Роми во предучилишните установи во Република Македонија. Во текот на јули и август 2012 година ќе се подготви нов проект, како продолжение на претходните и со кој ќе аплицира во Ромскиот Едукативен Фонд.

По однос на Проектот Условни парични надоместоци во средно образование, претстои изработка на Нова програма за исплата на надоместокот за периодот 2012/2013.

Ќе се продолжи со реализацијата на Проектите од комуналната инфраструктура за местата со населени Роми

До крајот на август 2012 година, планирано е да се отвори нов Ромски информативен центар во општината Виница.

## 3.3 РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

### 3.3.1 Цел: Да се подобри управување со човечки ресурси

Планирано е донесување на нов Закон за администрација кој ќе ја спои правната рамка за државни и јавни службеници, со што ќе се надминат одредени проблеми од сегашната фрагментација на оваа регулатива, а ќе се внесат и одредени новитети кои пред сè, се насочени кон подобрување на системот на администрација. Исто така, предвидено е да се изработи и воведе методологија за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото за вработување врз основа на заслуги и реалните потреби на институциите.

---

[4] Во истата членуваат претставници од Кабинетот на миснистерот без ресот, МТСП, СЕП и ДЕУ

Приоритет - Анализа на спроведувањето на постојните закони за јавни и државни службеници имајќи ги предвид коментарите на Европската комисија (фрагментација на државна служба, времени наспроти трајни вработувања; тестови за нови вработени, период на оценување, итн.) и преточување на наодите во нови законски решенија и спроведување на применливи постапки за вработување со целосна транспарентност и доследност кон начелото врз основа на заслуги, исфрлање на работни места предвидени за одредени лица, вклучително и за времен кадар.

Новиот Закон за администрација ќе ја спои правната рамка за државни и јавни службеници, со што ќе се надминат одредени проблеми од сегашната фрагментација на оваа регулатива, а ќе се внесат и одредени новитети кои пред сè, се насочени кон подобрување на системот на администрација во Република Македонија. Нацрт текстот на Законот за администрација, кој е поставен на ЕНЕР системот заради спроведување на електронски консултативен процес со сите заинтересирани субјекти и граѓани. На 29.05.2012 година, нацрт текстот на Законот за администрација е испратен на мислење до инволвираните институции.

Нацрт текст на новиот Закон за администрација е доставен на консултации до сите министерства, АА и СЗ и е поставен на ЕНЕР системот на 28.05.2012 година. По добиените мислења од органите и коментарите преку ЕНЕР, ќе биде изготвен усогласен текст на Законот кој ќе биде предмет на поширока јавна расправа.

Доставување на предлог на Закон за администрација во Владина процедура. По извршените консултации, предлог текстот на новиот Закон за администрација ќе биде доставен до Владата на Република Македонија. Поради потребата од поширок консултативен процес интересорски и со засегнатите страни постои можност рокот за оваа активност да биде пролонгиран.

Следење на спроведувањето на Законот за администрација и доставување на извештаи до Владата на Република Македонија. Првиот извештај за спроведувањето на Законот за администрација се предвидува по првиот квартал од 2013 година.

Приоритет - Ефикасна координација на Програмата за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото на вработување врз основа на заслуги.

Во рамките на оваа мерка е предвидено да се изработи и воведе методологија за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото за вработување врз основа на заслуги и реалните потреби на институциите. За оваа мерка веќе е формирана работна група која ќе ја подготвува методологијата врз основа на спроведување на анализа на сегашната состојба на вработување на членови на заедниците. Согласно Акциониот план на Патоказот за реализација на приоритетните цели за 2012 година за Пристапниот дијалог на високо ниво, потребно е да изработи анализа на сегашната состојба на вработување на членови на заедниците до 15.06.2012 година и да се изработи и воведе методологијата до 01.09.2012 година.

Изработка на анализа на сегашна состојба на вработување на членови на заедниците. Анализата се изготвува од страна на работната група составена од државни службеници. Истата ќе служи како значаен инпут во изработка на методологијата. Анализата е во завршна фаза и има мало пролонгирање на рокот.

Изработка и воведување на методологија за вработување на членови на заедниците во согласност со начелото за вработување врз основа на заслуги.

По изработената анализа на сегашната состојба на вработување на членови на заедниците ќе биде изработена методологијата во предвидениот рок.

3.3.2 Цел: Да се подобри управувањето на рамката на административни процедури

Планирано е донесување на нов Закон за општа управна постапка, согласно забелешките добиени од СИГМА во контекст на унапредување на оваа регулатива во насока на креирање на поклиентна, односно граѓански ориентирана јавна администрација.

Приоритет: Процена на спроведувањето на постојниот Закон за општа управна постапка и развивање мерки, вклучувајќи ја и можноста за изработка на нова рамка за закон со која ќе се решат критичните точки утврдени при процената (вклучувајќи ги и постапките пред Управниот суд):

Новиот Закон за општата управна постапка се планира да се изработи согласно забелешките добиени од СИГМА во контекст на унапредување на оваа регулатива во насока на креирање на поклиентна, односно граѓански ориентирана јавна администрација. Треба да се земе во предвид дека донесување на нов Закон за општата управна постапка е долг временски процес, кој бара сериозни консултативни активности, како и временски период за усогласување на работата на институциите со новите одредби за управните постапки. Според тоа, Акцискиот план за изготвување на новата законска рамка е усвоен со следната динамика:

- Работна група – 31.08.2012
- Стратегија за донесување на нов ЗОУП – 31.12.2012
- Предлог текст – 31.12.2013
- Јавна расправа и консултации – 31.03.2014
- Усвојување на предлог закон – 31.07.2014
- Vacatio legis – 01.08.2015

Формирање на работна група и изготвување на анализа на спроведувањето на постојниот Закон за општата управна постапка. Реализацијата на оваа активност е во тек. Експертот од Сигма испрати предлог методологија и план за изготвување на новиот закон. На 07.06.2012 година доставено е барање до Министерство за финансии (Управа за имотноправни работи), Министерство за транспорт и врски, Министерство за правда, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Врховен суд на Република Македонија и ЗЕЛС да номинираат претставници од нивните институции кои ќе бидат членови на работната група. Во периодот јули-септември ќе се работи на анализа на постојното законодавство и ќе се утврдат недоследностите во управните постапки.

Подготовка на Стратегија за донесување на нов ЗОУП. Во периодот септември-октомври ќе се работи на овој документ. Стратегијата за донесување на нов ЗОУП ќе ги утврди целите, структурата и содржината на новиот ЗОУП. Во текот на декември 2012 – јануари 2013 предвидени се јавни консултации во врска со овој документ.

Изготвување на предлог текст на новиот Закон за општата управна постапка. Согласно предлог-планот на СИГМА подготовката на текстот на законот ќе трае од 8 до 12 месеци.

Јавна расправа по предлог текстот на новиот Закон за општата управна постапка и електронско поставување на ЕНЕР. Ќе се одржи јавна расправа по

предлог Законот за општата управна постапка; а резултат од истата ќе биде добивање на релевантни забелешки и предлози кои би биле инкорпорирани во предлог Законот за општата управна постапка

Доставување на предлог на Закон за општата управна постапка во Владина процедура и во Собрание. Во овој период предлог Законот за општата управна постапка ќе биде доставен во Владина и Собраниска процедура.

Програма за поддршка за спроведување на ЗОУП (vacation legis). Во овој период ќе биде имплементирана програмата за поддршка за спроведување на ЗОУП, како и процес на подготовка на институциите за спроведување на новиот ЗОУП.

3.3.3 Цел: Да се продолжи со процесот на децентрализација

Сè уште нема добиено инпут за идните активности од ресорните министерства за она што треба да биде преземено за понатамошно имплементирање на приоритетите и активностите.

Приоритет: Со учество на единиците на локалната самоуправа, подготовка на анализа на финансиската и правна рамка за спроведување на сите пренесени и децентрализирани надлежности.

Пораст на приходите од ДДВ. Во делот на распределбата на дотацијата од ДДВ нема промени. За оваа година износот на дотацијата е 4% од наплатениот ДДВ во претходната година односно 1.340 милиони денари, а за 2013 година процентот ќе изнесува 4.5% од наплатениот ДДВ.

## 3.4 РЕФОРМА НА ИЗБОРИТЕ

3.4.1 Да се обезбеди доволна одвоеност на државата од партијата

3.4.2 Да се отстранат пропустите и нејаснотиите во Изборниот законик

3.4.3 Да се заврши со деталната ревизија и со прегледот на избирачкиот список

## 3.5 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ЕКОНОМИЈА

### 3.5.1 Да се подобри пазарот на трудот и образованието

Продолжување на анализата и намалување на стапката на придонесите

Во текот на наредниот период ќе се направи намалување на стапките за придонесите согласно предвидената динамика за 2014 и 2015 година.

Усвојување на Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Државниот завод за статистика во рамките на своите надлежности во работната група за изработка на Законот, во наредниот период треба да воведе прашање во Анкетата за слободни работни места кое ќе се однесува на занимањето кое се бара за слободните работни места. Измените во прашалникот се направени и се очекува дека во наредното соопштение ќе се добие податок за структурата на слободните работни места по занимања.

Подготовка на програма за воспитно-образовната работа во подготвителната година за јавните детски градинки

Во текот на месец септември 2012 година, согласно заклучоците на Владата на Република Македонија по Информацијата за резултатите од истражувањето „Позитивни влијанија на воспитно-образовната работа во детските градинки врз успехот на учениците во совладување на наставните програми во прво одделение", Бирото за развој на образованието во координацијата со Министерството за образование и наука ќе ја започне подготовката на програма за воспитно-образовна работа во подготвителната година за јавните детски градинки. Документот ќе се базира на современи теоретски основи, искуствата од Република Македонија и ќе биде функционално поврзан со програмите за воспитно-образовна работа во јавните детски градинки и наставните програми за првите одделенија во основното образование.

Вработување на кадар за реализација на пилот проектот за Рана социјализација

Со цел квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес во подготвителната година за јавните градинки, Владата на Република Македонија ќе ја оцени потребата од ангажирање соодветни кадри, бројот на кадрите, динамиката на нивно ангажирање и ќе ги утврди потребните финансиски средства.

**Подобрување на инфраструктурата преку адаптирање на постоечките простории и изградба на нови простории за реализација на воспитно-образовната работа во подготвителната година**

Реалните потреби за подобрување на инфраструктурата ќе ги даде Истражувањето и соодветни интервенции ќе бидат предложени во Информацијата за резултатите од истражувањето „Позитивни влијанија на воспитно-образовната работа во детските градинки врз успехот на учениците во совладување на наставните програми во прво одделение". Врз основа на истражувањето, Владата на Република ќе ги утврди потребите, динамиката и начинот на обезбедување средства за подобрување на инфраструктурата во градинките или училиштата.

**Организирање на настава за средно стручно образование за лица со завршено основно образование, во 7 општини во Република Македонија**

Продолжување на наставата за втората генерација во Општина Арачиново, започнување со настава во Општина Чаир и Општина Прилеп.

Најмалку 60% од запишаните кандидати да ја завршат наставата.

**Организирање на обуки за стекнување на знаења, вештини, способности и компетенции за возрасни лица**

Наставата ќе се изведува согласно Акцискиот план и со средства обезбедени од Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**Развој на општински центри за развој на човечки ресурси преку обука на советници за кариерен развој во општини во Република Македонија**

Започнување со обуки на советници за развој на човечки ресурси во десетте скопски општини, со средства обезбедени од ИПА твининг проектот.

Обучени советници за човечки ресурси во скопските општини.

Зголемување на компетенциите на наставниот кадар за возрасни преку организирање на андрагошка обука за наставници и обучувачи
Во јули 2012 година ќе се определат фокус групи што ќе бидат вклучени во обуката. Со средства од ИПА твининг проектот, ќе се реализираат два циклуси на обуки: во септември и во декември 2012 година.
Реализирана андрагошка обука за наставници и обучувачи.

Промоција на образованието на возрасните и културата на учење преку организирање на кампања за доживотно учење
Прецизирање на темата на манифестацијата, дефинирање на листа на учесници и распределба на одговорностите помеѓу Центарот за образование на возрасни и ДВВ Интернационал. Одржана манифестација Денови на доживотно учење.
Во рамки на ИПА IV Компонента, при третата ревизија на Повеќегодишната оперативна програма „Развој на човечките ресурси" за Република Македонија 2007-2013, која треба да биде усвоена до есента 2012 година, се предвидува Мерката 2.1: Обезбедување хармонија и врски помеѓу образованието и потребите на пазарот на трудот со кластер: „Поддршка на модернизацијата на системите за стручно образование и обука и на образованието на возрасните, во перспектива на доживотното учење". Вкупно планираниот буџет за активности во рамките на Мерката 2.1 изнесува 6,3 милиони евра. Воедно, во рамките на Мерката 2.2 „Обезбедување квалитетно инклузивно образование за сите", планиран е кластер „Зајакнување на предучилишното образование". Вкупно планираниот буџет за активности во рамките на Мерката 2.2 изнесува 2,7 милиони евра.

### 3.5.2 Подобрување на деловната средина

Ќе се продолжи со понатамошно исполнување на економските критериуми како и намалување на бариерите за излез од пазарот.

### 3.5.3 Да се зајакне креирањето на економската политика и нејзино спроведување

Зајакнување на административниот капацитет во секој регулаторен орган за транспорт.
Со цел зајакнување на административните капацитети во регулаторните тела Агенцијата за цивилно воздухопловство на 30 Април 2012 година објави оглас за потреба од 6 вработувања
Постапката за вработување е во тек и истата ќе се спроведе според рокот кој е планиран за оваа активност. Со административното зајакнвување ќе биде зајакнато остварувањето на функциите на регулаторот. Во моментот регулаторот има 62 вработени. Надлежностите на Агенцијата за цивилно воздухопловство се утврдени во член 7-б од Законот за воздухопловство.